# ООУ„Стив Наумов„



# Годишен извештај

## учебна 2023/24

Email:ou_stiv_naumov@yahoo.com Тел: +389-02(3174-006)
Website /https://ou-stivnaumov.edu.mk/ Ул.Лазар Поп Трајков бр.28

## СОДРЖИНА


Вовед 5

1.Општи податоци за училиштето 6

1.1 Табела со општи податоци 6

1.2 Органи на управување и стручни органи 7

1.2.1 Извештај за работата на Училишниот одбор 7

1.2.2 Извештај за работата на Наставничкиот совет 8

1.2.3 Извештај за работата на Одделенските совети 8

1.2.4 Извештај за работата на Советот на родители 9

1.3 Извештај за работата на стручните активи 10

1.3.1 Одделенска настава 10

1.3.2 Општествено-јазична група предмети 11

1.3.3 Природно-математичка група предмети 12

2. Податоци за условите за работа на основното училиште 15

Мапа на основното училиште 15

2.2. Податоци за училишниот простор, опрема и наставни средства 15

3. Податоци за вработените и учениците во училиштето 16

3.1 Податоци за вработени 16

3.2 Податоци за учениците 17

3.3 Извештаи за работата на директорот и стручните соработници 18

3.3.1 Извештај за работата на директорот 18

3.3.2 Извештај за работата на педагогот 20

3.3.3 Извештај за работата на психологот 24

3.3.4 Извештај за работата на дефектологот 27

3.3.5 Извештај за работата на библиотекарот 30

4. Материјално-финансиско работење на основното училиште 32

5. Мисија, визија и мото 34

6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено/стекнати искуства 34

7. Подрачја на промени, приоритети и цели 35

8. Програми и организација на работата во основното училиште 41

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште 42

8.2. Работа во смени 42

8.3. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата ___ 42
8.4. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште ___ 42
8.5. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од ___ 42
прво до петто одделение ___ 42
8.6. Изборна настава ___ 43
8.7. Дополнителна настава ___ 44
8.8. Додатна настава ___ 44
8.9. Работа со надарени и талентирани ученици ___ 45
8.10. Работа со ученици со посебни образовни потреби ___ 45
8.10.1 Извештај за работата на училишниот инклузивен тим ___ 45
9. Воннаставни активности ___ 47
9.1.Извештај за реализирани воннаставни активности ___ 47
9.2. Училиштни спортски клубови ___ 54
9.3 Акции ___ 55
10. Ученичко организирање и учество ___ 56
10.1 Извештај за работата на Ученичкиот парламент ___ 57
10.2 Извештај за работата на Детската организација ___ 58
10.3 Извештај за работата на Подмладокот на Црвениот Крст и Клубот за едукација и превенција ___ 61
11. Вонучилишни активности ___ 61
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа ___ 61
11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности ___ 65
12. Натпревари за учениците ___ 66
12.1.Освоени награди од учество на натпревари на учениците ___ 67
13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција ___ 69
14. Проекти што се реализираат во училиштето ___ 69
14.1 Проект“Меѓуетничка интеграција во образованието“ ___ 69
14.2 Проект“Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ ___ 70
14.3 Проект „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ ___ 72
14.4 Програма „Мировно образование“ ___ 73
14.5 Проект „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ ___ 73

15. Поддршка на учениците ____ 74
15.1. Постигнување на учениците ____ 74
15.2. Професионална ориентација на учениците ____ 78
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од ____ 80
злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ____ 80
16. Оценување ____ 80
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето ____ 80
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка ____ 81
16.3 Самоевалуација на училиштето ____ 82
17. Безбедност во училиштето ____ 83
18. Грижа за здравјето ____ 83
18.1. Хигиена во училиштето ____ 83
18.2. Систематски прегледи ____ 83
18.3. Вакцинирање ____ 84
18.4. Едукација за здрава исхрана - оброк во училиштата ____ 85
19. Училишна клима ____ 85
19.1. Дисциплина ____ 85
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето ____ 86
20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ____ 87
20.1. Активности за професионален развој ____ 87
21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите ____ 88
21.1 Вклученост на родителите/старателите во учењето, вonнаставните активности и работата на училиштето ____ 89
22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште ____ 89
23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште ____ 90
24. Евалуација на годишната програма за работа на училиштето ____ 92
25. Заклучок ____ 93

# ВОВЕД

Годишниот извештај претставува осврт на целокупната работа на училиштето преку информации за реализација на наставниот план и програма, напредокот на учениците и учеството во слободните ученички активности, работата на ученичките организации, стручните активи, соработката со родителите, локалната заедница, МОН, БРО, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, како и за начинот на искористување на ресурсите со кои располага училиштето со цел да обезбедиме високи стандарди на настава и инклузивна средина за учење. Изминатата учебна година станавме уште покреативни и иновативни во примената на различни форми на настава, при тоа обезбедувајќи висок квалитет на образовни можности согласно потребите на нашите ученици истовремено фокусирани на идентификуваните приоритетни области.

Годишниот извештај за работата на училиштето се изготвува согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Законот за локалната заедница и истиот претставува рефлексија на нашиот напредок и развој како училиште.

Секоја година се водиме од нашата Годишна програма за работа и продолжуваме со нашата силна посветеност кон квалитетна настава и учење врз основа на педагошката пракса базирана на податоци и докази, усогласена со наставните планови и програми во Република Македонија.

Согласно законот за Основно образование:

- Директорот подготвува предлог на годишен извештај на училиштето;
- Наставничкот Совет го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа и предлага соодветни мерки;
- Советот на родители расправа за извештајот за работата на училиштето, дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности;
- Училишниот Одбор предлага годишен извештај за работа на училиштето до советот на општината

## 1.Општи податоци за училиштето

ООУ „Стив Наумов" - Скопје е сместено во источниот дел на град Скопје, во тн. индустриска зона на градот, во населбата Автокоманда, на ул. „Лазар Поп Трајков" бр. 28, општина Гази Баба. Училиштето ги опфаќа учениците од урбаните заедници „Автокоманда", „Ќерамидница" и „Триангла". Општинското основното училиште „Стив Наумов" - Скопје, работи во еден објект.
Училиштето има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на ученици од I – IX одделение. Во училиштето се изведува продолжен престој за учениците од I до III одделение и дневен престој за учениците од I до V одделение (класична настава).

### 1.1 Табела со општи податоци

| **Адреса, општина, место** | **ул. „Лазар Поп Трајков" бр.28 Гази Баба Скопје** |
|---|---|
| **Телефон** | 3174006 и 3173635 |
| **Факс** | 3173635 |
| **e-mail** | ou_stiv_naumov@yahoo.com |
| **Основано од** | Општина Гази Баба |
| **Верификација- број на актот** | 14-1205/1 |
| **Година на верификација** | 26.02.1986 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1948;1958 и 1968 година |
| **Тип на градба** | цврста градба |
| **Површина на објектот** | 5000 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | 3500 м2 |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 500м2 |
| **Училиштето работи во смена** | две смени |
| **Начин на загревање на училиштето** | централно греење |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 34+2 дневен престој=36 паралелки |

## 1.2 Органи на управување и стручни органи

### 1.2.1 Извештај за работата на Училишниот одбор

| Членови на Училишен Одбор | |
|---|---|
| 1. | **Шенај Исмаил Кутај** – претставник од Советот на родители /претседател на УО |
| 2. | **Слободанка Басотова**- претставник од редот на наставниците |
| 3. | **Мери Тодорова** - стручен соработник во училиштето |
| 4. | **Тоше Трајковски-**претставник од редот на наставниците |
| 5. | **Марија Вуксан Маринковиќ** - претставник од Советот на родители |
| 6. | **Јелена Обочки Апостолова** – претставник од Советот на родители |
| 7. | **Убавка Наумовска** – претставник од основачот |
| | **Во работата на Училишниот одбор учествуваат двајца ученици**<br>**1. Никола Тодоров**<br>**2. Кијара Гогиќ** |

Согласно законските права и обврски Училишниот одбор во текот на учебната година ги имаше следните активности:
-Усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето и донесување одлука;
-Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето;
-Одлука за формирање на еко одбор, комисија за СЕУ;
-Одлука за исплата на средства за изготвување и одржување на распоред на часови, касов лимит, средства за телефон за директор и секретар, патни трошоци за наставници и ученици за учество во натпревари и други настани;
-Изгласување пописна комисија и донесување одлука за отпочнување попис;
-Спроведување постапка за избор на директор;
-Донесување одлука за усвојување на предлог годишен финансов план;
-Донесување одлука за план за јавни набавки;
-Давање мислење до директорот на училиштето за прием на кандидати (наставници) за определено време;
-Донесување одлука за формирање стручен тим за подготовка на Програма за екскурзии и други слободни активности;
-Усвојување на извештаите за успехот и поведението на учениците

### 1.2.2 Извештај за работата на Наставничкиот совет

Во текот на учебната 2023/2024 година се одржаа повеќе седници на кои се разгледаа и решаваа повеќе прашања:
-Се разгледа и усвои Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2023/2024 год;
-Организација на воспитно-образовниот процес ( распределба на часови , одделенски раководства, организација на просторот во училиштето, распоред за дополнителна и додатна настава, дадени се мислења од менторите за наставниците –приправници кои го завршија приправничкиот стаж и назначени се ментори за работа со наставници-приправници );
-Се усвои програмата за изведување екскурзии;
-Разгледување и усвојување на измените и дополнувањата во Годишната програма за работа на училиштето;
-Разгледување, анализа и усвојување на куќниот ред и Кодексот на однесување во училиштето;
-Организација на активности по повод одбележување на Денот на училиштето;
-Континуирано се информираше Наставничкиот совет за планираните и реализираните активности во рамките на проектите:“ Еколошка едукација во македонскиот образовен систем“ “Меѓуетничка интеграција во образовниот систем“ и др.
-Формирани се повеќе комисии ( за преглед во водење на педагошка евиденција и документација , за изведување екскурзии, пописна комисија, комисија за запишување деца во прво одделение, комисија за учебници, комисија за избор на првенец на генерација (2015-2024) ...;
-Назначување на ментори за приправници и давање мислења за поминат приправнички стаж;
-Разгледување и усвојување на полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето;
-Се разгледуваше извештајот и анализата за успехот и поведението на учениците на крај на секој класификационен период;
-Разгледување на споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците на крајот на учебните 2020/21г., 2021/22г. и 2022/23г.
-Се разгледа анализата на трендот на постигања на учениците при премин од одделенска во предметна настава;
-Беше разгледана анализата и извештајот од посетените часови и евалуацијата на дневните подготовки со констатации и дадени насоки;

### 1.2.3 Извештај за работата на Одделенските совети

Во текот на учебната 2023/2024 година се одржаа повеќе седници на кои се разгледаа и решаваа повеќе прашања:
-Избор на учебници според укажувањата на МОН;
-Уредување на просторот во училиштето;
-Изготвување програми за дополнителна, додатна настава и вонннаставни активности;
-Изготвување распоред за одржување часови за дополнителна и додатна настава ( предметна настава);
-Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците;
-Реализација на наставните содржини по предмети;
-Водење педагошка евиденција и документација;
-Надминување на проблемите на учениците со адаптација, потешкотии во учењето;
-Унапредување на соработката со родителите;

### 1.2.4 Извештај за работата на Советот на родители

| Совет на родители | |
|---|---|
| Марија Караѓозова-Претседател на Советот на родители | |
| Име и презиме на родителот/член | Паралелка |
| Благица Манчевска | Іа |
| Вероника Стојановска Ангеловски | Іб |
| Верица Илиевска | Ів |
| Даниела Гапковска | Іг |
| Елена Мисајловска | ІІа |
| Видосава Тасевска | ІІб |
| Јордан Чепреганов | ІІв |
| Александар Крстевски | ІІг |
| Катерина Радевска | ІІІа |
| Јелена Богоева | ІІІб |
| Костадинка Генадик | ІІІв |
| Марија Јованова | ІІІг |
| Предраг Христовски | ІVа |
| Елена Коцева Шурлиновска | ІVб |
| Марија Андровска | ІVв |
| Олга Губериниќ Va | Vа |
| Ирена Жбајнова | Vб |
| Антоанета Димовска | Vв |
| Мирослав Блажевски | Vг |
| Шенај Исмаил Кутај | VІа |
| Марија Вуксан Маринковиќ | VІб |
| Марија Петковска | VІв |
| Ѓорѓи Поп - Кочев | VІг |
| Ивана Гудумановски | VІІа |
| Јелена Обочки Апостолова | VІІб |
| Ели Бојаровска | VІІв |
| Марија Караѓозова | VІІг |
| Даринка Петковска | VІІІа |
| Тодор Бузалковски | VІІІб |
| Тони Лековски | VІІІв |
| Јасмина Трпчевска | ІXа |
| Габриела Давиткова Чобанов | ІXб |
| Славица Пипонска Георгиевска | ІXв |
| Марјан Неделковски | ІXг |

Во учебната 2023/24год.Советот на родители одржа седници со следниве активности:
-Запознавање со годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/23год.;
-Запознавање со годишната програма за работа на училиштето за 2023/24год.;
-Запознавање и усвојување на годишната програма за работа на Советот на родители;
-Запознавање со новите членови на Советот на родители;
-Избор на членови-претставници во УО;

-Извештај од страна на директорот за успехот и поведението на учениците на крајот на секој класификационене период;
-Избор на членови за комисиите кој ќе избираат агенција за осигурување, за организација на екскурзии, како и комисија за надзор на квалитет на храната;

## 1.3 Извештај за работата на стручните активи

### 1.3.1 Одделенска настава

Во текот на учебната 2023/2024 година Стручниот актив на одделенска настава одржа состаноци кои се записнички евидентирани .Според предвидената програма тековно се одржаа нагледни часови и стручни предавања,состаноци на кои беа проследени сите информации,новини,укажувања барања, напатствија, насоки од МОН и БРО.

На ден 28.06.2023 година среда се одржа состанок на стучниот актив на одделенска настава,со следниот дневен ред
-Изготвување на програма за работа на Стручниот актив на одделенска настава за учебната 2023-2024 год.
-Утврдување на приоритети за учебната 2023-2024 год.
-Тековни прашања
На ден 16.11.2023 год. четврток се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во II г одделение.
- Поттикнување на детските капацитети, иницијативи и потреби од воочување на видови насилство преку реализанија на разни работилници дадени во ДИСО прирачниците. Поддршка на учениците и заштита од насилничко однесување.
- Практична примена на стекнатите сознанија при решавање на конфликтни ситуации и индивидуален пристап кон истите.
На ден 19.02.2024 год. понеделник се одржа дисеминациско предавање на тема Интегрирано планирање и активна настава-примена на иновативни ,интерактивни пристапи во наставата
- Организирање на активна настава и менаџирање во интерактивна училница преку примена на АИДА моделот
- Имплементација на стекнатите сознанија при менаџирање во училница и примена на активна настава
На ден 23.05.2024 год. четврток се одржа посета на час на стручниот актив на одделенска настава во IV б одделение.
- Практична примена на идеи,ставови,креативни вештини и техники во подигнување на свест кај учениците за значењето и соработката со локалната заедница преку ученички активности
- Придонес, во процесот на демократско дизајнирање на училиштето во соработка со локалната зедница.
На ден 29.05. и 30.05.2024 год. беше одржана обука на тема: “Род, родова еднаквост и родово засновано насилство
Спречување и заштита од насилство во училиштата “.
-Зајакнување на капацитетите на наставниците и стручните соработници за препознавање насилство, насилство од омраза и родово засновано насилство
-Јакнење на вештините за одговор во случаите на насилство преку спроведување на насоките дадени во Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
-Зајакнување на демократските вредности и практики во училиштата за почитување на различностите и ненасилство;

-Придонес кон заложбите за градење на безбедни училишни средини во кои се градат толерантни, самоуверени и одговорни млади кои критички размислуваат и активно учествуваат во општестсвото;
-Придонес кон заложбите за градење на образование во кое центално место има пренесувањето на демократски вредности и вештини за активно учество во слободно и демократско општетсво;
-Стекнување знаења за родот, сексуалната ориетација и родовит идентитет, еднаквоста и анти-дискриминацијата;

Одговорен наставник: Анета Младеновска

**1.3.2 Општествено-јазична група предмети**

Во текот на учебната 2023/2024 година Стручниот актив на општествено-јазичната група предмети работеше и одржуваше состаноци кои се записнички евидентирани. Според предвидената програма тековно се одржаа нагледни часови и стручни предавања, состаноци на кои беа проследени сите информации, новини, укажувања, барања и насоки од МОН и БРО.

Реализирани активности:

- На ден 28.06.2023 година се одржа состанок на стручниот актив за избор на претседател на стручниот актив за учебната 2023/2024г.
- На 16.08.2023 година беше изготвена предлог- програма за работа на активот која беше усвоена од сите членови на активот на состанокот што се одржа на 18.08.2023 година.
- На ден 16.10.2023 година се одржа нагледен час по предметот Англиски јазик. Отворениот час го реализираше Анита Костадиновска - наставник по англиски јазик. Наставна содржина: Граматички структури – показни заменки (Примена на поширени сознанија за техники). Часот беше реализиран во второ одделение.
- На 20.11. 2023 година, Благица Блажеска, предметен наставник предметот Англиски јазик одржа нагледен час во седмо одделение. Наставната единица: Увежбување на граматички содржини - Прашални зборови во прашални реченици во минато време – обработка на граматички структури - The Past Simple (Поттикнување позитивна атмосфера и добар менаџмент во училница преку развивање на добри компетенции на комуникација и примена на дигитална алатка во наставата).
- На ден 27.12.2023 год. реализиран е нагледен час во 7 одделение од Валентина Соколова, наставник по македонски јазик. Наставна содржина: Анализа на лектирната творба ,,Збунети години" од Велко Неделковски.
- На 14.02.2024 година, Татјана Арсова, предметен наставник предметот Англиски јазик, одржа нагледен час во осмо одделение. Наставна единица: Преодни глаголи - обработка на граматички структури (Поттикнување позитивна атмосфера и добар менаџмент во училница).
- На ден 11.04.2024 г. реализиран е нагледен час во 7 одделение од Моника Митреска - Трајкоска, наставник по германски јазик. Наставна единица: *Пријателства* –

*Freundschaften* (Примена на техники кои помагаат во воспоставување на позитивна училишна клима - негување пријателства, почитување, разбирање, комуникација).

- На 30.05. 2024 година, Марјан Трајковски, предметен наставник по физичко и здравствено образование одржа нагледен час. Наставна единица: Штафетни игри (Поддршка за заштита од насилничко однесување, анализа на обидите за предизвикувачко однесување и разрешување на конфликти).

Во сите активности учествуваа сите членови на стручниот актив на општествено - јазичната група предмети, како и стручните соработници: психолог, педагог, дефектолог и директорот на училиштето. После секоја одржана активност, присутните разменуваа мислења, искажуваа свои ставови и донесуваа креативни заклучоци.

Одговорен наставник: Магдалена Јанковска

**1.3.3 Природно-математичка група предмети**

Стручниот актив на природно - математичката група предмети работеше и одржуваше состаноци согласно Годишната програма на стручните активи за учебната 2023/2024 година. Главните цели во однос на кои е насочена работата на активот во оваа учебна година и во однос на кои се одржаа состаноците и нагледните часови се:

- Подобрување на работата на наставниците преку согледување и вреднување на квалитетот на планирањата и оценувањето,
- Јакнење на капацитетите на наставниците за промовирање ненасилна училишна култура преку позитивна дисциплина;
- Користење на некои кооперативни техники и методи за работа на часот со акцент на ненасилна комуникација и градење позитивни ставови кон математиката и природните науки.
- Размена на искуства за успешна реализација на ученички натпревари и слободни ученички активности Подобрувањето на знаењата и вештините на учениците, како и нивото на критичкото размислување, се долгорочни цели кои провејуваат низ сите активности.

Програмата на активот во првото полугодие од учебната година е реализирана во целост, согласно планираното. Реализирани се сите предвидени состаноци и нагледни часови, а содржината на истите е резимирана во продолжение на овој извештај.

На 03 јули 2023 год. се одржа состанок за избор на претседател на активот. Со Активот на природно-математичката група предмети во текот учебната 2023-2024 година ќе претседава Даниела Димишковска, предметен наставник по математика. На истиот состанок, од страна на членовите беа дадени и предлог-цели за новата Програма за работа на активот и, соодветно на нив, активности на членовите на активот. Со тоа беше направена нацрт - програма за работа на активот која членовите требаше да ја допрецизираат.

На состанокот што се одржа на 17 08 2023 година членовите на активот на природно-математичката група предмети ја изготвија и усвоија финалната верзија на Програмата за работа на активот за учебната 2023-2024 година. Програмата беше

усвоена едногласно, од сите присутни членови на активот. (Програмата е изгласана во отсуство на наставник по биологија – испразнето работно место.)

На состанокот одржан на 01.09.2023 година, членовите на природно-математичкиот актив дискутираа за корелација, интеграција и меѓупредметни цели во оперативните планови за час во шесто одделение, врз основа на новите наставните програми за шесто одделение. Исто така се дискутираше и за развојот на критичкото размислување, оценувањето на учениците, како и примената на соодветни стратегии на учење со цел успешна реализација на воспитно-образовниот процес.

На 10.10.2023 година се одржа нагледен час по наставниот предмет биологија, од страна на наставникот по биологија – Соња Рулеска. Преку реализација на наставната содржина „Осетливоста на растенијата на силата на гравитација и допир" во 7 одделение, наставникот успешно презентираше практична примена на методите на активна настава со акцент на развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми кај учениците и ненасилна комуникација и взаемно почитување меѓу учениците.

На 22.11.2023 година Билјана Ристовска, предметен наставник по физика, во деветто одделение реализираше нагледен час за повторување – Топлина и трансфер на топлина. На овој час успешно беа презентирани вештиони за практична примена на методи на активна настава, поттикнување и развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми кај учениците.

На 11.12. 2023 година, наставникот по информатика – Владанка Михајловска, во шесто одделение реализираше нагледен час по информатика со акцент на практична примена на методите на активна настава и ненасилна комуникација на интернет. На овој час учениците, освен способност за решавање проблеми покажаа и вештини од медиумска писменост и критичко мислење.

На состанокот одржан на 15. 01. 2024 година, членовите на активот го разгледаа Предлог – извештајот за работата на Активот на природно-математичката група предмети, во првото полугодие на учебната 2023/2024 година. Извештајот беше едногласно усвоен. Во продолжение на состанокот се дискутираше за постигањата на учениците по предметите од природно – математичката група.

На 08.02.2024 година, наставникот по хемија, Лилјана Трајковска, реализираше отворен час по хемија на тема „Образување јонска врска и израмнување хемиски равенки" со содржина „Запишување хемиски равенки". На истиот беше забележана практична примена на методите на активна настава со акцент на развој на критичко мислење и вештини за решавање проблеми кај учениците.

На ден 04.03.2024, наставникот по математика, Олгица Ристовска, реализираше нагледен час по математика во шесто одделение, на тема Операции со броеви и содржина: Деливост на природни броеви (прости броеви, сложени броеви). Содржината беше успешно вклопена во учење со истражување со помош на компјутер и учениците сами доаѓаат до потребните заклучоци кои ги дефинираат со помош на наставникот. На часот успешно беа применети современи техники, постапки и компјутерска технологија.

Учениците имаа можност подеднакво да учествуваат во работата, да бидат креативни, да ги користат стекнатите знаења и на крај да учествуваат во дискусија.

На следниот состанок одржан на 29.05.2024 година, членовите на активот ги разгледуваа постигнатите резултати од учество на ученички натпревари и ја анализираа работата во рамки на слободните ученички активности и проектни активности во рамки на истите. Истакнато беше успешното учество на нашите ученици на натпреварите по математика, биологија, хемија, географија и природни науки, на кои учениците се пласираа и освоија награди и на државно ниво: по математика  -1 прво место и 1 пофалница, биологија - 2 трети места и 1 второ место, природни науки - 1 второ место и географија - 2 пофалници. Исто така беше забележан и успехот и пласманот на нашите ученици во финалето на Европскиот квиз на парите.

Во однос на слободните ученички активности, беше констатирано дека мал број од учениците покажуваат интерес за континуиран ангажман, сеедно дали станува збор за работа во секциите или на некои проектни активности. Тоа сеуште е поле на кое треба многу да се работи со учениците во предметна настава и да се најде начин истите повеќе да се мотивираат за вклучување во овие активности.

Анализа на реализираните активности од работата на стручниот актив беше направена на состанокот на 20.06.2024 година. На овој состанок беше направена ретроспектива на сите активности со оценка дека реализацијата на оваа програма допринеала за подобрување на компетенциите на наставниците и нивната работа и меѓусебна соработка.

Одговорен наставник:  Даниела Димишковска

# 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

**Мапа на основното училиште**




## 2.2. Податоци за училишниот простор, опрема и наставни средства

Училишната зграда располага со функционални и други просторни услови за изведување на воспитно функционална дејност во училиштето

| Вкупен број на училишни згради | 1 |
|---|---|
| Број на катови | 3 |
| Училишен двор | 1 |
| Бруто површина | 8500м2 |
| Нето површина | 5000м2 |
| Спортска сала | 1 |
| Број на спортски терени-надвор | 2 |
| Број на училници | 38 |
| Кабинети | 6 |
| Помошни простории | 5 |
| Канцеларии | 7 |
| Училишна библиотека | 1 |
| Кујна | 1 |
| Трпезарија | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | централно греење |

| Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|
| Стручна литература | 865 |
| Лектирни изданија | 14 939 |
| Енциклопедии | 78 |
| Публикации | 650 |
| Сликовници | 518 |
| Речници | 14 |

# 3. Податоци за вработените и  учениците во училиштето

## 3.1 Податоци за вработени

| Вкупно вработени во училиштето | 77 |
|---|---|
| Наставен кадар | 60 |
| Директор | 1 |
| Стручни соработници | 4 |
| Административни работници | 2 |
| Помошно технички кадар | 10 |
| | |

| Кадар | Вкупно | Етничка и родова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 77 | 8 | 68 | | 1 | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 60 | 6 | 54 | | | | | | | | | | |
| Број на вспитувачи | | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработ. | 4 | | 4 | | | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | | 2 | | | | | | | | | | |
| Помошно технички кадар | 10 | 1 | 8 | | 1 | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | | | | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори | | | | | | | | | | 1 | | | |

| Степен на бразование на вработените | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 6 |
| Високо образование | 59 |
| Виша стручна спрема | 3 |
| Средно образование | 7 |
| Основно образование | 2 |

| старосната структура на вработени | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 години | 1 |
| 31-40 години | 17 |
| 41-50 години | 39 |
| 51-60 години | 15 |
| 61-пензија | 5 |

### 3.2 Податоци за учениците

| одделение | м | ж | вкупно |
|---|---|---|---|
| Ia | 13 | 13 | 26 |
| Iб | 12 | 13 | 25 |
| Iв | 14 | 13 | 27 |
| Iг | 7 | 4 | 11 |
| Вкупно | **46** | **43** | **89** |
| IIa | 14 | 13 | 27 |
| IIб | 16 | 13 | 29 |
| IIв | 13 | 15 | 28 |
| IIг | 8 | 11 | 19 |
| Вкупно | **51** | **52** | **103** |
| IIIa | 14 | 14 | 28 |
| IIIб | 13 | 12 | 25 |
| IIIв | 11 | 15 | 26 |
| IIIг | 7 | 2 | 9 |
| Вкупно | **45** | **43** | **88** |
| IVa | 11 | 18 | 29 |
| IVб | 11 | 18 | 29 |
| IVв | 12 | 17 | 29 |
| Вкупно | **34** | **53** | **87** |
| Va | 15 | 9 | 24 |
| Vб | 15 | 13 | 28 |
| Vв | 15 | 10 | 25 |
| Vг | 9 | 9 | 18 |
| Вкупно | **54** | **41** | **95** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупноод I -V** | **230** | **232** | **462** |
| **VIа** | 11 | 9 | 20 |
| **VIб** | 9 | 12 | 21 |
| **VIв** | 14 | 12 | 26 |
| **VIг** | 9 | 6 | 15 |
| **Вкупно** | **43** | **39** | **82** |
| **VIIа** | 11 | 14 | 25 |
| **VIIб** | 11 | 11 | 22 |
| **VIIв** | 14 | 11 | 25 |
| | 11 | 8 | 19 |
| **Вкупно** | **47** | **44** | **91** |
| **VIIIа** | 8 | 18 | 26 |
| **VIIIб** | 15 | 11 | 26 |
| **VIIIв** | 15 | 13 | 28 |
| **VIIIг** | 11 | 10 | 21 |
| **Вкупно** | **49** | **52** | **101** |
| **IXа** | 16 | 13 | 29 |
| **IXб** | 14 | 13 | 27 |
| **IXв** | 9 | 15 | 24 |
| **Вкупно** | **39** | **41** | **80** |
| **Вкупно VI -IX** | **178** | **176** | **354** |
| **I-IX** | **408** | **408** | **816** |

## 3.3 Извештаи за работата на директорот и стручните соработници

### 3.3.1 Извештај за работата на директорот

Директорот на училиштето има утврдени задачи со Законот за основно образование, подзаконски акти, статутот и другите општи акти во училиштето. Извештајот за работа на директорот во основното училиште освен вообичаените задачи кои произлегуваат од сите сфери на непосредниот воспитнообразовен процес, опфаќа и голем број работи кои произлегуваат од динамиката на воспитно образовниот процес и се појавуваат секоја учебна година.

Основна задача на директорот е одговорност за законското работење на цело училиште.

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на директорот, од предвидените активности, реализирани се следните активности :

-Изготвување на годишна програма за работа на училиштето во сорабтка со стручните соработници и наставниот кадар во училиштето

- Подготовки за новата учебна година
- Планирање и организација за почеток на нова учебна година
- Распределување на наставни предмети, претседатели на стручни активи, одговорни наставници на ученички организации и други стручни подрачја
- Изготвување распоред за часови, слободни ученички активности, додатна и дополнителна настава
- Одредување дежурства на наставниците и целиот персонал
- Изготвување на програма за работа на директорот
- Контрола и анализа на педагошката документација
- Градење систем за вклучување на предлозите на вработените во планирањето на работата на училиштето
- Увид во ЛППР на наставниците

- Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето, особено организирање на програма за прием на првачиња
- Организација и прием на првачињата во Детската организација
- Изработка и користење инструменти за следење на наставата
- Следење наставни часови и давање повратни информации
- Следење на ефективноста од реализацијата на училишните планови и програми
- Следење на работата на наставниците и другите вработени. Работата на наставниците: наставни планови и програми, наставните часови, работата на стручни активи, јавна и културна дејност, професионално усовршување на наставниците , следење на приправници, континуирано следење на пополнување на е- дневникот, одделенскиот дневник, посета на часови,. Следење на работата на технички персонал. Следење на работата на психолог, педагог, библиотекарот и дефектологот, увид во работата на целокупната работа на училиштето, следење на работата на секретарот, сметководителот
- Редовно свикување на одделенски и наставнички совет, планирање и водење на истите
- Тековно на Одделенските и Наставничките совети се разгледуваше успехот и поведението на учениците, при што секој одделенски раководител го презентира успехот и поведението за секоја паралелка. Податоците изнесени пред Советот се однесуваат на број на изостаноци, среден успех на паралелката, број на осипани ученици, неоценети ученици, испишани ученици, ученици предложени за изречување на педагошка мерка, пофалени ученици, ученици кои направиле материјална штета, ученици кои имаат напредок во дисциплината
- Согласно процедурата, се изрекуваaа педагошки мерки на учениците кои нередовно ја посетуваа наставата, како и оние ученици кои несоодветно се однесуваа за време на наставата кон другите ученици и наставници, односно ученици со забелешки. Се донесуваа одлуки за испишување на оние ученици кои согласно законот за основно образование со навршени шестнаесет години им престанува обврската за редовно основно образование.
- На средбите беа споделувани тековни информации добиени од релевантни институции, како МОН, ДПИ, локалната заедница и сл. како и од овластени провајдери за следење на обуки на наставниците.
- На наставниците им беа дадени известувања за ужина и топол оброк, за обезбедување и осигурување на учениците, приемен ден за родители,советување на родители,а изнесени беа и разни предлози и забелешки дадени од страна на родителите од одржаните родителски средби. Создавање услови и подршка за работата на ученичкиот парламент
- Донесувни се одлуки за давање на позитивно мислење од страна на менторите за приравничкиот стаж. На наставничките совети формирани беа и комисии за попис, комисии за прегледување на дневници, главни книги и свидетелства.
- Користење и поттикнување на вработените за користење на платформата за образование од далечина во наставата во секојдневната работа, како и во меѓусебна комуникација и во комуникација со родителите
- Обезбедување услови за грижа за здравјето на вработените при што е реализиран систематски и санитарен преглед за сите вработени

- Обезбедување услови и учество во проекти, активности и вебинари Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет
- Навремено исполнување на финансиските обврски
- Следење на постапките за реализирање на јавните набавки согласно законот
- Обезбедување услови и ресурси за работа согласно новата Концепција за основно образование за непречено отпочнување на новата учебна година Во рамки на Проектот за унапредување на основното образование се реализира активноста за набавка на кабинетска опрема и нагледни средства за кабинетите во кои ќе се одвива наставата по соодветните предмети од групата на природни науки во соработка со МОН
- Континуирана соработка со општина Гази Баба, со градионачалник на Општина Гази Баба, со основните училишта на ниво на општината, ОУРЦ „Иднина", со Секторот за образование на Општина Гази Баба, сектор за јавни набавки, за урбанизам, за финансии, МОН, БРО ДИЦ, ДПИ, полиција идр.
- Сопствено професионално усовршување преку посета на семинари, обуки и работни средби и други активности организирани од овластени провајдери.

Директор: м-р Лилјана Стефановска

### 3.3.2 Извештај за работата на педагогот

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на педагогот , од предвидените содржини и активности за овој период реализирани се следните активности по подрачја:

**1. Работа со ученици**

-Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето, однесувањето и редовноста

-Педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост

-Давање помош и поддршка за вклучување на учениците во учество во проекти и активности

-Поддршка и учество во спроведување на ученички иницијативи

-Одржано предавање на тема: "Техники за успешно учење " со учениците од шесто одделение

-Одржани едукативни работилници на тема "Насилство во училиште" со учениците од осмо одделение

-Присуство на психолошки работилници со учениците од VI до IX одделение реализирани од страна на надворешни стручни лица . Работилниците се дел од кампањата „Крени глас против врсничко насилство".

- Одршани психолошки работилници со учениците од VI до IX одделение, чија цел е да се подгне свеста за негативното влијание на булингот и да се охрабрат учениците отворено да зборуваат за врсничкото насилство. Работилниците се дел од кампањата „Крени глас против врсничко насилство".

-Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби во својство на член на училишниот инклузивен тим

-Откривање на ученици со поголеми можности за напредување и развој советодавна работа со овие ученици и следење на нивните постигања

-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент

-Организација и учество на ликовна работилница на тема „Новогодишна магија“ со ученици од четврто одделение во соработка со партнер училиштето ООУ„25 Мај“, како дел од активностите за меѓуетничка интеграција во образованието
-Поддршка во раработата на Ученичкиот правобранител и неговите заменици
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Работа на професионална информација и ориентација на учениците
-Процена на подготвеноста на учениците за вклуцување во образовниот систем

**2. Работа со наставници**
-Помош и поддршка во изготвување на годишните , тематските и дневните планирања за работа на наставниците
-Консултативни средби со наставниците во врска со употреба на современи приоди во наставата (форми, методи и техники) со цел унапредување на наставниот процес
-Советодавно-консултативна работа со наставниците во врска со оценување на учениците
-Организирање и реализирање информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата
-Педагошко инструктивна и советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик – ученик, ученик-наставник- родител.
- Помош и поддршка на наставниците во работата со децата со посебни образовни потреби, соработка со нивните родители и следење на нивните постигнувања како член на инклузивниот тим
-Советодавна работа со наставниците за вклучување на надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности , како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење
-Соработка и поддршка на стручните активи во училиштето
-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки/сценарија за час , консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент, во соработка со одговорните наставници
-Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети на крај на секој класификационен период
-Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење стручна литература
-Помош и поддршка на наставниците во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој
- Поддршка на наставниците при изготвување на личен план за професионален развој
-Одржана обука на тема: “Род, родова еднаквост и родово засновано насилство .Спречување и заштита од насилство во училиштата “.
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација
-Соработка со наставниците при реализација на активности во рамките на проекти кои се спроведуваат во училиштето
-Водење на професионално досие на наставниците

**3. Работа со родители**
-Информирање на родителите, членови на Училишниот одбор и Советот на родители за работата на училиштето
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето , проблеми со редовноста и дисциплината
- Советодавна работа со родители на ученици со посебни образовни потреби

-Запознавање и упатување на родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми
- Соработка со родителите при спроведување на активности во рамките на проектоте кои се реализираат во училиштето
-Соработка и поттикнување на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето

**4. Соработка со заедницата**
-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Државен испитен центар, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на македонија СОС-Детско село Македонија,Советодавен центар за родители и деца Гази Баба, Институт за педагогија, детска градинка "Детска радост", основни и средни училишта од општина ГазиБаба и град Скопје...)
- Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5. Професионален развој и професионална соработка**
-Изготвување личен план за професионален развој;
-Соработка со УКИМ Филозофски факултет-Институт за педагогија
-Учество во проекти,вебинари, работилници, трибини, конференции...
-Учество на обука на тема:„Инклузивно образование во пракса"
-Учество на интерна обука на тема: ,, Децата и семејството во образованието.";
-Учество на вебинар на тема: „Зајакнување на училиштата и општините: законски обврски и стратегии за заштита и учество на учениците"
- Присуство на тренинг за тренери наменет за стручните соработници на тема: „Род, родова еднаквост и родово засновано насилство.Спречување и заштита од насилство во училиштата"
- Присуство на психолошки работилници со учениците од VI до IX одделение реализирани од страна на надворешни стручни лица . Работилниците се дел од кампањата „Крени глас против врсничко насилство".
- Учество на 45та, 46та и 48та Пан-ЕУ Конференција за дигитално образование
-Присуство на промоција на на наставно-дидактички ресурси, Прирачник за поддршка на инклузивен и интерактивен наставен процес од математика, природни науки и ликовно образование за прво одделение
-Присуство на вебинар на тема „ Влијанието на AI (вештачката интелигенција) и Chat GPT на образованието и улогата на наставникот"
-Присуство на обука „ Зајакнување на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена" во рамкит на Проектот за унапредување на образованието (ПЕИП).
- Присуство на обука за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во основните и средните училишта
- Учество на вебинар на тема: „Промоција на тренинг за сајбер безбедност за едукатори"
-Присуство на обука за училишен координатор за маеѓународна студија ТИМСС 2023
-Учество во размена на искуства преку активно учество во секцијата на педагози на основни училишта на град Скопје "Гласот на педагогот"

-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на стручна литература

-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;

-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на секој класификационен период.

-Изготвување извештаи и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава.

- Спроведување активности во својство на училишен координатор во рамките на меѓународната студија за мерење на знаењата – ТИМСС за учениците од петто одделение за математика и продни науки организирано од страна на Државен испитен центар

-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на првото полугодие за учебните 2021/22, 2022/23и 2023/24г.).

- Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2021/22, 2022/23и 2023/24г.).

- Истражување на тема:"Следење на ефектите од работилници за превенција и намалување на насилното однесување во училиштето".

- Анализа од проверка на совладаноста на почетното ракописно пишување кај учениците од второ одделение

- Изготвување извештаи по спроведени анкети за избор на втор странски јазик и изборен предмет

- Учество во изготвување на годишен и полугодишен извештај за работата на училиштето

**7. Училишна структура, организација и клима**

-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2023/24г.

-Учество во изготвување програма на училишниот инклузивен тим

-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии

-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето

-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците

-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа

-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет

-Учество во изработка на програма за професионален развој

-Следење и вреднување на планирањата на наставниот кадар

-Следење и вреднување на наставниот процес (посета на часови)

-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците

-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки

-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната,додатната и дополнителната настава
-Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности
--Следење на постапките на оценување на учениците
-Следење на успехот и редовноста на учениците
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање на случаи на дискриминација во училиштето

Педагог: м-р Василевска Биљана

### 3.3.3 Извештај за работата на психологот

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот , од предвидените содржини и активности за овој период во кој наставата се одвиваше со физичко присуство, реализирани се следните активности по подрачја:

**1.Работа со ученици**
-Советодавно педагошко - инструктивна работа со ранливите групи ученици со акцент на психо-социјална поддршка
(ученици со ниска самодоверба, со емоционални поштешкотии, како и со ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство);
-следење на нивното напредување по завршување на секој класификационен период;
-Индивидуално советување на учениците кои нередовно ја посетуваа наставата и несоодветно се однесуваа;
-Работа на заштита и превенција на менталното здравје на учениците во услови на пандемија во која се одвиваше наставата во текот на првото полугодие;
-Поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница
-Советодавна работа со наставниците за откривање и работа со ученици со поголеми можности за напредување и развој и следење на нивните индивидуални постигања;
-Следење на постигањата, емоционалниот и социјалниот развој на учениците со посебни образовни потреби на крајот на класификационите периоди;
-Следење на прилагодувањето на учениците во прво и шесто одделение преку комуникација со одделенските и предметните наставници
-Работа со учениците од деветто одделение на нивна професионална информираност и ориентација преку споделување информативни материјали-флаери и презентации на струки и занимања од приватни и државни средни училишта од градот
-Работа со учениците на проектот “Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта”

**2.Соработка со наставници**
-Помош и поддршка на наставниците во изготвување на годишните, тематските и дневни подготовки согласно скратените наставни програми дадени од БРО
(помош при дефинирање на целите и исходите , консултација за примена на соодветни наставни форми и методи на часот, како и за примена на методите за формативно и сумативно оценување при следење и вреднување на знаењата на учениците);
-Посета на часови и пополнување на инструментите од посетата на часовите и евалуација на дневните подготовки;

-Консултативно советодавни разговори со наставниците по одржување на наставните часови;
-Педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот,социјалниот и емоционалниот развој на учениците
-Презентирање на извештаите за успехот, редовноста, поведението, изречени педагошки мерки на наставничките совети
-Помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и спроведување на активности на одделенските часови од програмата “Образование за животни вештини“;
-Помош и поддршка на наставницита во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Поддршка на наставниците при реализација на активности од проекти и програми кои се спроведуваат во училиштето;
-Советодавно- консултативна работа со наставниците при водење на педагошка евиденција и документација;
-Презентација на Наставнички совет на Споредбената анализа на трендовите на постигања на учениците на крајот на учебните 2021/22, 2022/23г.и , 2023/24г)

**3.Соработка со родителите**
-Инструктивно советодавна работа со родители на ученици со потешкотии во учењето;
-Советување на родителите чии деца нередовно ја посетуваа наставата,имаа незадоволителен успех и манифестираа различни форми на несоодветно однесување;
-Изготвување месечни и неделни планови за советување на родителите; (пополнување обрасци за работа, како и записници од советувањето);

**4.Соработка со заедницата**
-Соработка со образовни здравствени, социјални и други установи и институции кои придонесуваат за постигање на целите и задачите на воспитно -образовниот процес (МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Прва Детска амбасада Меѓаши, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, Црвен крст на Македонија,детска градинка “Детска радост“, основни и средни училишта од општина Гази Баба и град Скопје...);
-Соработка со локалната заедница во реализација на заеднички активности;
-Учество во промоција и презентација на работата на училиштето, како и информирање на заедницата за потребите и постигањата на училиштето

**5.Професионален развој и професионална соработка**
-присуство на интерна обука “Децата и семејствата во образованието”
-Присуство на обука”Инклузивно образование во пракса”
-Присуство на панел дискусија” Како до училиште без насилство”
-Присуство на обука”Јакнење на капацитетите за превенција од радикализација која води до насилство и рехабилитација и реинтеграција на ранливи групи во заедницата”.
-присуство на вебинар “Инклузија на терен “
-присуство на обука “Почитување на различностите и интеркултурализмот во училиште”
- присуство на обука “Јакнење на капацитетите за превенција од радикализација која води до насилство и рехабилитација и реинтеграција на ранливи групи во заедницата”.
- присуство на обука “Унапредување на менталното здравје на адолесцентите”
-Воспоставување редовна комуникакција и взаемна професионална поддршка со училишните психолози од основните училишта на град Скопје преку активно учество на состаноците
-Индивидуална работа на сопствено стручно усовршување преку следење на

стручна литература
-Помош и поддршка на наставниците во идентификување на сопствените образовни потреби и планирање на сопствениот професионален развој;
-Изготвување инструменти, прибирање податоци и анализа на потребите за професионален развој на наставниците;
-Помош и поддршка на наставнците за стручно усовршување и користење стручна литерарура со цел осовременување на наставниот процес

**6.Аналитичко истражувачка работа**
-Изготвување извештај и анализа на успехот и поведениeто на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на третото тримесечие и учебната година
-Изготвување извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава
-Споредбена анализа на трендовите на постигањата на учениците (крај на учебните 2021/22, 2022/23г.и , 2023/24г)
-Анализа на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава
-Изготвување извештај од советувањето родители за потребите на Педагошката служба при МОН на крајот на првото и второто полугодие

**7.Училишна структура, организација и клима**
-Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изготвување брошура за родителите со податоци за работата на училиштето во учебната 2023/24год.;
-Учество во изготвување програма за работа со надарени деца и деца со емоционални потешкотии;
-Учество во изготвување програма за превенција од насилно однесување во училиштето;
-Учество во изготвување на програма за професионална ориентација на учениците;
-Поддршка на одговорните наставници на стручните активи , ученичките организации и слободните ученички активности при изготвување на годишните програми за работа;
-Учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на Одделенските и Наставничките совет
-Следење и вреднување на наставниот процес(посета на часови);
-Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација на наставниците;
-Формирање паралелки за прво одделение согласно одредени критериуми(за целодневна настава);
-Запишување нови ученици и нивно распределување во паралелки;
-Следење на уписот на учениците во прва година средно образование;
-Следење и давање помош при организација и реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава;
-Следење и учество во организација и реализација на вонnаставните активности;
-Следење на постапките на оценување на учениците;
-Следење на успехот и редовноста на учениците;
-Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и

воннаставните активности;
-Следење на изрекувањето педагошки мерки за учениците;
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето;
-Работа на превенција на појавите на насилно однесување во училиштето и превенирање случаи на дискриминација во училиштето;

**8.Сопствена евиденција и документација**
-Изготвена годишна програма  за сопствената работа
-Водење евиденција од соработка со ученици, наставници, родители и локална заедница;
-Водење професионално досие на наставниците;
-Евиденција(пополнување обрасци)  од советување родители и ученици;
-Документација  од извршената аналитичко истражувачка работа;
-Изготвен полугодишен и годишен извештај за сопствената работа во учебната 2023/24год.

Психолог: Александра Атанасовска Крстевска

**3.3.4 Извештај за работата на дефектологот**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на дефектологот,  од предвидените содржини и активности реализирани се следните:
**Подрачје:Работа со ученици**
**-** идентификација, превенција  и корекција на специфичните пречки во развојот на учениците
- индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензо-моторното и социо-емоционалното функционирање
- континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби, евалуација и ревизија на индивидуален образовен план
-педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост
-следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставно-образовниот процес
-следење на адаптацијата на учениците од прво и шесто одделение
-следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети и пол
-учество во организација и реализација на низа работилници за ученици, наставници и родители во рамки на проектот: „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“,
-учество во активности во рамки на проектот  „Инклузија на деца со ПОП“
-учество во организација и реализација на активност со ученици во рамки на кампањата „Помислете и на нас“ по повод Неделата на борба против гладта
**Подрачје:Работа со наставници**
-јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот
-континуирана поддршка на наставниците и следење при примена на изготвените насоки и индивидуалните образовни планови од страна на наставниците
-помош и поддршка во изготвување на годишните и  тематските програми за работа на наставниците

-помош на наставниците при изготвување Програми за индивидуална поддршка на учениците со потешкотии во учењето

-советодавно- консултативни средби со наставниците во врска со употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа

-ревидирање на целите и задачите предвидени со ИОП-от во соработка со наставниците и родителите (евалуација и ревизија на ИОП)

-давање инструкции при дефинирањето на воспитно-образовните цели, специфичните стратегии, методи, форми и техники на работа со учениците со ПОП

-учество во планирањето на неопходните методолошки адаптации при изведувањето на наставата за учениците со ПОП

-следење и поддршка на дидактичката подготвеност на наставниците т.е. кои методи и средства ги користи при работата со учениците со ПОП

-посета на часови со цел увид во степенот на социјализација и вклученост на учениците со ПОП во наставата

-советодавно-инструктивна работа со наставниците во однос на поддршка и помош при адаптирање на наставните содржини за настава на далечина

**Подрачје:Работа со родители**

-советодавна работа и поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно-образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот

-давање стручни совети и насоки за работа во домашни услови и насоки за работа во текот на зимскиот и летниот распуст

-информирање на родителите на учениците со ПОП за активностите на УИТ

-советодавно-инструктивна работа со родителите на учениците со ПОП во однос на поддршка и помош при адаптирање на наставните содржини за учење од дома

-информирање на родителите на учениците со ПОП за активностите на УИ-вклучување на родителите во работата на УИТ/ТИУ

-соработка со Советот на родители во активности за прибирање материјални средства за ученици кои потекнуваат од семејства под социјален ризик

-соработка со родителите при упатување на проценка според МКФ и барање на образовни асистенти

- Присуство на состанок на Советот на родители, презентација на реализираните активности/иницијативи со ученици за подобрување на процесите, безбедноста, организацијата и состојбата во училиштето.

**Подрачје:Соработка со заедница**

-соработка со МОН, ПЕ на МОН Гази Баба, БРО, Завод за ментално здравје, Меѓуопштински центар за социјална работа, СОС – Детско село Македонија, Институт за јавно здравје

-соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“,поднесување барање за обезбедување лични/образовни асистенти за учениците со посебни образовни потреби и поддршка при отварање на Центар за поддршка за ученици со ПОП

**Подрачје:Професионален развој и професионална соработка**

-изготвување на личен план за професионален развој (септември)

-изготвување извештај за реализација на личниот план за професионален развој

- Ангажирана како претседател на стручна комисија за спроведување на приправнички испит на стручни соработници-дефектолози од основните и средните училишта

-Присуство на обука „ Зајакнување на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена“ во рамките на Проектот за унапредување на образованието (ПЕИП).
-Присуство на обука во рамки на Еразмус плус програмата„Teach space“-Лимасол,Кипар
-Присуство на обука „Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, СЕУ и развојно планирање“
-Присуство на обука „Примена на асистивната технологија како алатка за поддршка на инклузија“-здружение за асистивна технологија- Отворете ги прозорците

**Подрачје:Аналитичко-истражувачка работа**

-изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди (за прво тримесечие и прво полугодие)
-учество во изготвување на полугодишниот извештај за работата на училиштето
- Истражување на тема:”Следење на ефектите од работилници за превенција и намалување на насилното однесување во училиштето”.
-изготвување полугодишен и годишен извештај за сопствената работа
-изготвување извештај за работата на Инклузивниот тим на училиштето
-изготвување извештај за работата на ПЦК и Клубот за едукација и превенција
-изготвување извештаи од посетени обуки, предавања, презентации, проекти...

**Подрачје:Училишна структура, организација и клима**

-учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето,
-изготвување на годишна програма за сопствената работа
-изготвување месечни оперативни програми за сопствената работа со конкретизирани активност
-изготвување програма за работа на ПЦК во училиштето (одговорен)
-изготвување програма за работа на инклузивниот тим на училиштето (координатор)
-член на Комисија за запишување на деца во прво одделение за учебната 2023/24г.
-изготвување Програма за откривање и грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и семејства под социјален ризик (одговорен)
-изготвување на развојни програми за корективно-стимулативна работа со учениците
-учество во изготвување програми за: професионален развој на наставниците, план за развој на училиштето, програма за општествено хуманитарна работа, грижа за здравјето на учениците, програми за работа со надарени и деца со потешкотии...
-учество во изработка на брошура- информатор за родителите за работата на училиштето
-учество во спроведување активности за Самоевалуација на работата на училиштето -учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет

**Подрачје:Педагошка евиденција и документација**

-изготвување годишна програма и месечни-оперативни планови за работа
-водење на портфолио за учениците со ПОП
-евиденција за соработка со наставници и родители
-записници од состаноци на училишниот инклузивен тим
-евиденција на проекти и работа на ПЦК и Клубот за едукација и превенција
-водење професионално досие на стручен соработник

Дефектолог: Билјана Теовска

### 3.3.5 Извештај за работата на библиотекарот

Според предвидената програма за работа на библиотекарот за учебната 2023/2024 година, во текот на месец август и септември беа примени и евидентирани нарачани учебници за сите ученици од 1 до 9 одделение и дел во текот на целата учебна година (имаше голем број сѐ уште непристигнати учебници) коишто се евидентирани во обрасци и листи на примени и вратени учебници (образец 2 за вратени учебници од учебна 2022/2023 год. и образец 1 за примени учебници за учебна 2023-2024 год.)

Во текот на првото полугодие се вршеше зачленување и евидентирање во библиотека на учениците и наставниците, со отварање и издавање на членски број на картон на читател, така што беше овозможено услужување, односно позајмување на задолжителни лектирни изданија, стручна литература од повеќе области, слободна литература по сопствен избор, потребни списанија, публикации, видео и DVD CD проекции, како и информации за најновите наслови на издавачките куќи, но и информации за одредени интернет адреси итн

Во однос на библиотекарската секција, оваа учебна година не беа изведени активности околу подготовка на ученици за учество на регионалниот натпревар „Млади библиотекари“ во организација на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје, секако поради заштитата од ширење на сѐ уште актуелниот вирус. Без разлика на тоа што оваа година не учествувавме на натпреварот, од страна на учениците постои голем интерес и иницијатива за понатамошна работа и соработка, што произлегува од интересната и разноликата програма на библиотекарската секција, особено во однос на материјалот и прирачникот за библиотекарството и негово совладување со цел усвојување на нови знаења од конкретната област и освојување на повисоки места на идните натпревари од областа на библиотекарството, со што библиотекарот – менторот, освен предвидените активности во рамките на библиотекарската секција, редовно ќе врши подготовки во однос на материјалот на заинтересираните ученици кои во иднина ќе земат учество на натпреварот „Млади библиотекари“.

Во месец октомври беа набавени книги за наградените ученици кои освоија места на училишниот литературен и ликовен конкурс кој беше организиран по повод патрониот празник на нашето училиште.

Училишниот библиотекар учествуваше и соработуваше на сите состаноци на актив на одделенска настава како и другите активи, на одделенските совети за одделенска настава, наставнички совети во училиштето каде што даваше информации околу новитетите на следењето на педагошко-дидактичка литература, известувања за ново донирани и набавени книги, прирачници и сл. Непосредно, секој ден, според постојните ситуации и потреби, соработуваше со наставниците и другите стручни соработници во училиштето за поуспешно организирање и одвивање на работата.

Во однос на отклонувањето на слабите страни на воспитно-образовниот процес во нашето училиште, библиотекарот беше определен за работа на училишното списание коешто претставуваше една од слабите страни, така што во текот на целата учебна година сите содржини кои се поставени на страните на училишното списание произлегоа од соработката помеѓу наставниците и учениците, поконкретно, на страните на списанието се наоѓаат содржини кои произлегуваат од спроведените училишни активности во текот на целата учебна година, при што истите содржини во списанието беа поставувани од страна на библиотекарот. Во иднина очекуваме ова издание да

даде поттик за соработка и на учениците, особено на оние кои членуваат во новинарската секција и ова списание да прерасне во уште поголем и позначаен проект каде што ќе се отвори простор за сите корисни информации. Училишното списание ќе биде поставено на веб страната на училиштето, а за понатаму е предвидено освен содржината, да биде подобрен и збогатен приказот на истото.

Во текот на целата учебна година, библиотекарот беше задолжен и со прегледување и лекторирање на содржините кои беа објавувани на училишната веб страна, а истите секако се однесуваат на работата и активностите кои се спроведуваат во текот на учебната година од страна на наставниците нивната соработка со учениците.

Во текот на месец февруари библиотеката се збогати со нови наслови од обласа на белетристиката во вид на донација од приватни лица и наслови кои беа набавени со училишни средства.

Според предвидената програма за работа на библиотекарот за учебната 2023-2024 година, веќе во текот на месец април, по барање на МОН беа нарачани учебници за учениците од 1 до 9 одделение, а во однос на веќе нарачаните учебници од претходните години има голем број сѐ уште непристигнати учебници. Во текот на месец јуни беа вратени сите учебници од 4 до 9 одделение коишто се евидентирани во обрасци и листи на вратени учебници.

Во однос на систематските прегледи, вакцинациите и стоматолошките систематски прегледи, во текот на првото полугодие, библиотекарот континуирано соработуваше со докторите и стоматолозите од амбулантата „Автокоманда" околу известувањата и навременото реализирање на предвидените систематски прегледи, вакцинации и стоматолошки систематски прегледи.

Согласно планот и програмата за имунизација, стоматолошки и систематски прегледи, беа преземени следните активности:

- Во сите први одделенија во текот на месец декември 2023 година се извршени систематски прегледи, а учениците со навршени шест (6) години се ревакцинирани и вакцинирани со MRP,DT и Polio;
- Во вторите и деветтите одделенија во месец декември е извршена вакцинација со DT и Polio;
- Во текот на месеците ноември и декември на редовен стоматолошки преглед и залевање на трајни заби беа учениците од вторите и четвртите одделение.

Согласно законската обврска за вакцинирање, во текот на првото полугодие учениците кои не се вакцинирале на редовниот термин при сеистематски преглед, надлежните во соработка со библиотекарот ги повикуваа учениците да се вакцинираат во однапред определени термини, а истото се однесуваше и на оние ученици кои не биле на закажан редовен термин за стоматолошки систематски преглед и заленање заби.

Во текот на месец мај се направи нарачка и се набавија литературни лектирни наслови за учениците со континуиран одличен успех, поконкретно, учениците од деветтите одделенија.

Во однос на позајмувањето лектири, учениците континуирано позајмуваа и враќаа лектирни изданија, но и слободна литература според возраста.

Библиотекар: Мери Тодорова

## 4. Материјално-финансиско работење на основното училиште

Материјално финансиското работење во училиштето се спроведува согласно законот за Буџетите и буџетските корисници (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17).
Според Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од Упатството за начинот на трезорското работење (Сл.весник на РМ БР.219/18 ) училиштето води посебно сметководство за буџетските и посебно за сопствените приходи, според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања( уплат и исплати на тие средства).
Училиштето ги има следите жиро сметки- трезорски:
- 903 - Наменска - Сметка на основниот буџет
- 603 - Наменска - Сметка на буџет – општина
-787- Самофинансирачки дејности- сопствена сметка (основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор, а средствата се користат за подобрување на целокупните услови за работа и учење во училиштето).
Училиштето како единка корисник на буџетски средства за да може да биде финансирано и да може да работи материјално финансиски, изготви предлог Финансиски план, во чие изготвување земаат учество директорот на училиштето, сметководителот и стручните соработници. Предлог финансискиот план навреме е доставен, разгледан од Училишниот одбор на училиштето и е донесена Одлука за негово усвојување. По усвојувањето и донесувањето на Одлуката истиот е доставен до општина Гази Баба, каде се разгледува и одобрува на седница на Советот на општината.
На крајот од календарската година согласно законската регулатива се спроведува попис на целокупниот инвентар и се изготвува извештај и завршна сметка. Училишниот одбор ја изгласува пописната комисија и донесува одлука за отпочнување попис. Извештајот за пописот на целокупниот инвентар за 2023 година е усвоен на 08.02.2023 год.и доставен до надлежните институции.
Извештајот од спроведениот попис и завршната сметка е усвоен во законски предвидениот рок од страна на Училишниот одбор и истите се објавени на веб страната на училиштето. Извештајот за завршните сметки на крајот од календарската година го изготвува сметководителот на училиштето, го доставува до Училишниот одбор, истиот се разгледува и усвојува најдоцна до 25 февруари тековната година.
Училиштето редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално- технички средства преку СЕУ (анкети и прашалници), преку индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето.

Во учебната 2023/24 се изврши:
- Замена на 22 (дваесет и две) ЛЕД светилки и 8 (осум) рефлектори во фискултурна сала;
- Набавка на 3 (три) интерактивни табли;
- Набавка на 11 (единаесет) проектори;
- Набавка на 7 (седум) принтери;
- Набавка на 1 (еден) принтер во боја;
- Набавка на 2 (сет) звучници;

- Набавка на 10 (десет) компјутерски глувчиња;
- Набавка на 45 (четириесет и пет) магнети;
- Набавка на 10 (десет) топки за кошарка;
- Набавка на 10 (десет) топки за одбојка;
- наставни средства по предметот хемија и биологија;
- Набавка на 75 (седумдесет и пет) училишни клупи;
- Набавка на 180 (сто и осумдесет) училишни столчиња;
- Набавка на 1 (еден) лаптоп Леново i3;
- Набавка на 1 (еден) лаптоп Леново i5;
- Набавка на 1 (еден) мрежен свич за интернет;
- Набавка на 1 (еден) рутер за интернет;
- Обезбедени се 15 (петнаесет) пристапни точки за интернет;
- Реквизити за детското игралиште во училишниот двор

Училиштето располага со основен училишен инвентар (клупи, столици, магнетни табли, мебел...),соодветни нагледни средства кои постојано се обновуваат согласно потребите на наставата (ЛЦД проектори, принтери, компјутери, лап топи, географски карти, опрема за предметни кабинети и др.).

Од опрема училиштето поседува: 4 мимио уреди за интерактивна настава, 10 интерактивни табли, 17 ЛЦД проектори, 62 лаптопи, 15 звучници, 16 персонални компјутери во кабинетот по информатика, 4 персонални компјутери за стручните соработници, разглас, 10 персонални компјутери за наставници, 2 апарати за копирање, 7смарт телевизори, 2 графоскопи, 11 ЦД плеер, 2 дигитални фотоапарати, 1камера, 5 скенери, 12 печатачи, електрично пијано и интернет мрежа достапна за секој наставник и ученик.

Постоечките нагледни средства се во функција на наставата, со можност за континуирано обновување со нови нагледни средства.

## 5. Мисија, визија и мото




## 6. „LESSONS LEARNED“- Веќе научено/стекнати искуства

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците.

За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од :

- анализи и заклучоци од спроведени самоевалуации за работата на училиштето;
- одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;

- анализи и искуства од работењето на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи;
- искуства стекнати при реализација на наставните планови и програми;
- стекнати знаења од посетени обуки, семинари и работилници;
- знаења и вештини од проекти кои се имплементираат во наставата;
- придобивки од користење и почитување на правилници за работа и
- продобивки од примената на ИКТ во планирање и реализација на наставата и

вонннаставните активности итн...

Интензивната употреба на ИКТ-опрема и онлајн платформите за учење им овозможија на наставниците да ги надградат своите компетенции за дигитално работење и користење на современите електронски алатки. Достапните ресурси им послужија како дидактичка поддршка на наставниците и учениците, истовремено овозможувајќи им да ги споделат своите искуства и педагошки иновации. Искуствата со иновативни приоди во користењето на ИКТ во образованието претставува чекор понапред кон прилагодување на потребите на сите ученици.

Реформите во образованието налагаат подготовки кои се однесуваат на обуки за наставниците за реализација на наставните програми според Концепцијата за основно образование, како и обезбедување на дидактички материјали и задоволување на материјално-технички услови потребни за успешна имплементација на реформите.

## 7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Имајќи ги во предвид резултатите и сознанијата од самоевалуацијата на работата на училиштето, препораките и насоките од интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, насоките дадени од БРО, како и потребите на наставниците констатирани при реализација на воспитно-образовниот процес и истакнати на состаноците на стручните активи беа одредени следните приоритети:

### *Креирање ненасилна училишна култура*

Целта на приоритетот претставува развивање компетенции кај учениците, наставниците и стручните соработници за промовирање ненасилна училишна култура преку позитивна дисциплина:

-Развивање вредности за почитување на различностите и надминување на стереотипите и предрасудите

-Водење конструктивна комуникација, разрешување конфликти и следење на правила на однесување во училиштето

-Непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во позитивна и топла клима каде сите се чувствуваат сигурни и слободни, со развиена самоочит, одговорност и општествени вештини.

Задача:Создавање демократска клима и поттикнување ненасилна комуникација во рамки на наставните и воннаставните активности

Активности: Реализација на планирани активности со учениците, родители, локална заедница

Реализирани работилници во рамките на приоритетот „Криерање ненасилна училишна култура“, од страна на одделенските и предметните наставници:

| | | |
|---|---|---|
| **Актив на прво одделение:** | | |
| **Прво а Маја Питроповска и Марија Лефковска** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини**<br>**II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ** | Содржина II-9: Разрешување конфликти<br>Работилница II-9.2: Пријателско и непријателско однесување | Дата:<br>20.11.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО**<br>**Тема 4-Како се справуваме едни со други**<br>**Дата: 18.12.2023г.** | Задача 1 Се е во ред!Навистина? | Дата:<br>18.12.2023г. |
| **Прво б Славица Стојановска и Елена Мисајловска** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема 4-Како се справуваме едни со други<br>Задача 3 Приказни за скарување и смирување. | Дата:<br>18.12.2023 |
| **Прво в Розета Фиљкова и Билјана Личковска** | | |
| **ДИСО 1 -ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО** | Тема 3 Како да бидеме другарчиња<br>Задача 4 Ајде да се смириме | Дата:<br>11.12.2023г. |
| **Прирачник за образование за животни вештини**<br>**II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ** | ТЕМА - Справување со врсничко насилство<br>РАБОТИЛНИЦА : II - 8.1 „Насилство - стоп!“ | Дата:<br>20.11.2023г |
| **Прво г Слободанка Басотова** | | |
| **ДИСО 1 -ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО** | Тема 3 Како да бидеме другарчиња<br>Задача 2 Како се чувствувате денес? | Дата:<br>17.11.2023г. |
| **Прирачник за образование за животни вештини**<br>**II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ** | II-8: Справување со насилничко однесување.<br>Работилница: II-8.1: Насилство -Стоп! | Дата:<br>15.12.2023г. |
| **Актив на второ одделение** | | |
| **Второ а Ангелина Трајковска и Љубинка С. Петрушева** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини**<br>**II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ** | Содржина II-9: Разрешување конфликт<br>Работилница II - 9.3: Праведни решенија | Дата:<br>29.11.2023г. |
| **ДИСО 2 -ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И СЛАВЕТЕ ЗАЕДНО** | ТЕМА: Јас и моите другарчиња<br>Задача 4 -Си играм со моите другарчиња | Дата:<br>29.11.2023г. |
| **Второ б Руменка Дејанова и Јордан Петрушевски** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО**<br>**Содржина: Формирање, одржување и прекинување врски**<br>**Работилница: II-2.1„ Моите другари 1“** | ТЕМА 5 Моите другарчиња<br>Задача 2 Што можам да правам со и за другарчињата? | Дата:<br>31.10.2023г. |
| **Прирачник за образование за животни вештини**<br>**Содржина: Формирање, одржување и прекинување врски** | Работилница: II-2.1„ Моите другари 1“ | Дата:<br>20.11.2023г. |
| **Второ в Радица Стоилковска и Анетка Трајкова** | | |
| **ДИСО 1 -ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО** | Тема 3 - Како да бидеме другарчиња<br>Задача 1 Другарчињата се важни | Дата: 1.12.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема 4 - Како се справуваме едни со други<br>Задача 2 Како се справувам со расправија? | Дата:<br>18.12.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| **Прирачник за образование за животни вештини II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ.** | Работилница II-2.1„ Моите другари 1“ | Дата: 25.9.2023г |
| **Второ г Ана Ристовска** | | |
| **ДИСО 1 -ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО** | Тема 1- За мене<br>Задача 1 Ова сум јас | Дата: 16.11.2023г. |
| **Прирачник за образование за животни вештини II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ.** | Содржина II-2: Кажување лаги/вистини<br>Работилница II-3.1: Зборување зад грб | Дата: 06.11.2023 |
| **ДИСО 1 -ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И ИГРАЈТЕ ЗАЕДНО** | Тема 3 - Како да бидеме другарчиња<br>Задача 1 Другарчињата се важни | Дата: 1.12.2023 |
| **Актив на трето одделение** | | |
| **Трето а: Тања Гигова и Ивана С. Спасиќ** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини II ТЕМА: ЈАС И ТИ - ИНТЕРПЕРСОНАЛНИ ОДНОСИ** | II-8: Справување со насилничко однесување.<br>Работилница: II-8.1: Насилство -Стоп! | Дата: 18.12.2023г. |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема 4 - Како се справуваме едни со други<br>Задача 2 Како се справувам со расправија? | Дата: 25.12.2023г. |
| **Трето б: Сузана Апостолова и Елизабета Каранфилова** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини I Тема: Јас -личен развој** | Содржина: Градење самодоверба<br>Работилница: I-1.5: Од грешките се учи. | Дата: 18.10.2023г. |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема 4 - Како се справуваме едни со други<br>Задача 4 Нашиот договор на правила | Дата: 25.12.2023г. |
| **Трето в: Елена Боневска и Даниела Наумовска** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини I Тема: Јас -личен развој** | Содржина: Градење самодоверба<br>Работилница: I-1.5: Од грешките се учи | Дата: 25.09.2023г |
| **Прирачник за образование за животни вештини Тема III: Јас и другите- општествени односи** | Содржина: Донесување одлуки во група<br>Работилница III - 4.1 Заедно решаваме проблем | Дата: 18.12.2023г. |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема 4 - Како се справуваме едни со други<br>Задача 2 Како се справувам со тепачка? | Дата: 20.11.2023г. |
| **Трето г: Марина Јаковиќ** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина: II-8: Справување со насилничко однесување.<br>Работилница: II-8.Како против насилство | Дата: 18.12.2023г. |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема 4 - Како се справуваме едни со други<br>Задача 2 Како се справувам со расправија? | Дата: 25.12.2023г. |
| **Актив на четврто одделение** | | |
| **Четврто а: Андријана Стефановска** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема-5 Моите другарчиња Задача 2 - Што можам да правам со и за другарчињата | Дата: 4.12.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема-4 Како се справуваме едни со други<br>Задача 2- Како се справувам со расправија | Дата: 18.12.2023 |
| **Четврто б: Анета Д. Младеновска** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | ТЕМА 4 Како се справуваме едни со други<br>Задача:1 - Се е во ред. Навистина? | Дата: 06.11.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | ТЕМА 2 -Часовник на чувства<br>Задача-Соработка во група "Каде е богатството?" | Дата: 18.12.2023 |
| **Четврто в: Тања Ѓорѓиева** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема-4 Како се справуваме едни со други<br>Задача 2- Како се справувам со расправија | Дата: 27.11.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | ТЕМА 4 Како се справуваме едни со други<br>Задача:1 - Се е во ред. Навистина? | Дата: 4.12.2023 |
| **Актив на петто одделение** | | |
| **Петто а Гордана Мацкова** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | ТЕМА 4 Како се справуваме едни со други<br>Задача:1 - Се е во ред. Навистина? | Дата: 14.11.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема-4 Како се справуваме едни со други<br>Задача 2- Како се справувам со расправија | Дата: 12.12.2023 |
| **Петто б Славица Трипуноска** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.1 Сè е во ред! Навистина? | Дата: 28.11.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.2 Како се справуваме со расправија? | Дата: 12.12.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ<br>Работилница<br>II-10.1: Исто гледаме, друго гледаме | Дата: 18.12.2023 |
| **Петто в Јулијана Печевска** | | |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.1 Сè е во ред! Навистина? | Дата: |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.2 Како се справуваме со расправија? | Дата: 12.12.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ<br>Работилница<br>II-10.1: Исто гледаме, друго гледаме | Дата: 19.12.2023 |
| **Петто г Благица Илијевска** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-9: СПРАВУВАЊЕ СО НАСИЛНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ<br>Работилница: II-10.4: Извор на конфликтите | Дата: 14.11.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.2 Како се справуваме со расправија? | Дата: 12.12.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.1 Сè е во ред! Навистина? | Дата: 5.12.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Нашиот договор на правила-Нашите правила | Дата: 19.12.2023 |
| **Шесто а Благица Блажевска** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ<br>Работилница II-10.5: Избегнување, спротивставување | Дата: 18.09.2023 |
| **ДИСО** | Тема - Справување со конфликти<br>Задача - Изнаоѓање различни стратегии | Дата: 16.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ<br>Работилница II-10.5: Избегнување, спротивставување | Дата: 6.11.2023 |
| **ДИСО 3 - ВЕРУВАЈТЕ ВО СЕБЕ И РАБОТЕТЕ ЗАЕДНО** | Тема бр.4 Како се справуваме едни со други<br>Задача бр.2 Како се справуваме со расправија? | Дата: 18.12.2023 |
| **Шесто б Благица Јовановска** | | |
| **ДИСО** | Тема - Справување со конфликти<br>Задача - Изнаоѓање различни стратегии | Дата:15.9.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ<br>Работилница II-10.5: Избегнување, спротивставување | Дата:18.12.2023 |
| **Шесто в Александар Каровски** | | |
| **ДИСО** | Тема - Справување со конфликти<br>Задача - Изнаоѓање различни стратегии | Дата:15.9.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ<br>Работилница II-10.5: Избегнување, спротивставување | Дата:18.12.203 |
| **Шесто г Виолета Радулова** | | |
| **ДИСО** | Тема - Справување со конфликти | 18.09.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| | Задача – Изнаоѓање различни стратегии | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Содржина II-10: РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ Работилница II-10.5: Избегнување, спротивставување | Дата: 6.11.2023 |
| **Седмо а Даниела Моневска** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема:Јас и ти - Интерперсонални односи Содржина: Разрешување конфликти Работилница II -7.2 „Соработка или натпревар“ НЕНАСИЛСТВО | Дата: 20.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема: Јас и другите - општествени односи Содржина:Познавање на структурата на групата Работилница III-4.2 „Заедно до решение “ | Дата: 27.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема: Јас и другите - општествени односи Содржина:Одолевање на социјални притисоци Работилница III -6.1 „Притисок “ | Дата: 11.12.2023 |
| **Седмо б Лилјана Трајкова** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и ти-Интерперсонални односи-Содржина - Справување со насилничко однесување - Работилница II-6.2 „Ако не реагирам “ | Дата: 16.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и ти-Интерперсонални односи-Содржина -Разрешување конфликти - Работилница II-7.2 „Соработка или натпревар “ | Дата: 30.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и другите-општествени односи-Содржина -Познавање на структурата на групата - Работилница III-4.2 „Заедно до решение “- поврзување со МИО | Дата: 6.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и другите-општествени односи-Содржина-Одолевање на социјални притисоци-Работилница III -6.1 „Притисок “ | Дата: 20.11.2023 |
| **Седмо в Владанка Михајлова** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и ти-Интерперсонални односи-Содржина - Справување со насилничко однесување - Работилница II-6.2 „Ако не реагирам “ | Дата: 16.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и ти-Интерперсонални односи-Содржина -Разрешување конфликти - Работилница II-7.2 „Соработка или натпревар “ | Дата: 30.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и другите-општествени односи-Содржина -Познавање на структурата на групата - Работилница III-4.2 „Заедно до решение “- поврзување со МИО | Дата: 6.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и другите-општествени односи-Содржина- Одолевање на социјални притисоци-Работилница III -6.1 „Притисок “ | Дата: 20.11.2023 |
| **Седмо г Тоше Трајковски** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и ти-Интерперсонални односи-Содржина - Справување со насилничко однесување - Работилница II-6.2 „Ако не реагирам “ | Дата: 16.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и ти-Интерперсонални односи-Содржина -Разрешување конфликти - Работилница II-7.2 „Соработка или натпревар “ | Дата: 30.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и другите-општествени односи-Содржина -Познавање на структурата на групата - Работилница III-4.2 „Заедно до решение “- поврзување со МИО | Дата: 6.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема -Јас и другите-општествени односи-Содржина- Одолевање на социјални притисоци-Работилница III -6.1 „Притисок “ | Дата: 20.11.2023 |
| **Осмо а Емилија Божиновска** | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема: Јас и ти - интерперсонални односи Справување со насилно однесување Раб. II – 6.1 Реакции на омаловажување | Дата:11.12.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Работилница “Насилство во училиште“ (во соработка со педагогот на училиштето) | Дата:18.12.2023 |

| | | |
|---|---|---|
| Осмо б Магдалена Јанковска | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Работилница “Насилство во училиште“ (во соработка со педагогот на училиштето) | Дата:27.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема: Јас и ти - интерперсонални односи Справување со насилно однесување Раб. II - 6.1 Реакции на омаловажување | Дата:25.12.2023 |
| Осмо в Марина Грамова | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Работилница “Насилство во училиште“ (во соработка со педагогот на училиштето) | Дата:18.12.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема: Јас и ти - интерперсонални односи Справување со насилно однесување Раб. II - 6.1 Реакции на омаловажување | Дата:25.12.2023 |
| Осмо г Татјана Арсова | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Работилница “Насилство во училиште“ (во соработка со дефектологот на училиштето) | Дата:11.12.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Тема: Јас и ти - интерперсонални односи Справување со насилно однесување Раб. II - 6.1 Реакции на омаловажување | Дата:25.12.2023 |
| Деветто а Олга Добревска | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Животни вештини Справување со насилничко однесување Работилница II-6.3 „ Пасивно, агресивно или манипулативно | Дата:9.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Животни вештини Работилница II-7.1 ,,Бура на идеи за разрешување на конфликти" | Дата:6.11.2023 |
| Деветто б Олгица Ристовска | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Справување со насилничко однесување Работилница II-6.3 „ Пасивно, агресивно или манипулативно | Дата:9.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Работилница II-7.1 ,,Бура на идеи за разрешување на конфликти" | Дата:6.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Познавање на структурата на групата аботилница III-4.2 “Заедно до решение” | Дата:18.12.2023 |
| Деветто в Билјана Ристоска | | |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Справување со насилно однесување Работилница II-6.1 “ Реакции на омаловажување” | Дата:30.10.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Разрешување конфликти Работилница II-7.1 „На место на другиот“ | Дата:6.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Животни вештини Јас и ти-интерперсонални односи Разрешување на конфликти Работилница II-7.4 “ Бура на идеи за разрешување на конфликти” | Дата: 13.11.2023 |
| **Прирачник за образование за животни вештини** | Познавање на структурата на групата аботилница III-4.2 “Заедно до решение” | Дата: 18.12.2023 |
| Дневен престој Ирена Тричкоска | | |
| ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА Проект„И јас имам глас“ | Работилница 12 Учениците во насилна ситуација (4 одделение) | Дата: 30.11.2023 |
| Проект„И јас имам глас“ | Работилница 6 Лутина и агресивност(2 одделение) | Дата:30.11.2023 |

## *Јакнење на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето*

Во рамки на училишниот приоритет Јакнење на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето се интензивираше соработката со Советот на родителите, Училишниот одбор и локалната заедница преку реализација на воннаставни активности, манифестации и проекти кои придонесуваат и кон демократско дизајнирање на училиштето: хуманитарните и фандрејзинг настани и базари „Ние сме вашата надеж за поубав свет“, „Секој може да биде Дедо Мраз“, „Помислете и на нас“ и „Патека на хуманоста“. Во рамки на проектот„Инклузија на деца со ПОП“ а со поддршка на Советот на родители во училишниот двор се постави детско игралиште со спортски реквизити во насока на подобрување на условите за рекреација во училишниот двор на училиштето и овозможување подобри можности за престој и физичка активност за сите ученици, вклучително учениците со попреченост кај кои е неопходно поттикнување на моторниот развој.

## 8. Програми и организација на работата во основното училиште

При планирање и реализација на наставните содржини наставниците се водеа од дадените насоки и препораки од БРО и МОН, Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2023/24, Упатството за реализација на наставата по изборните предмети во основното образование, Концепцијата за воннаставни активности во основното образование, Концепција за инклузивно образование и др.

Наставниците ги прилагодија планирањата на наставата и времето, методите и начините за реализација на наставата од далечина и имаа континуирана поддршка од директорот и стручните соработници. Годишните перспективни и тематските процесни планирања наставниците ги изработија и предадоа навреме, а дневните подготовки ги изготвуваа редовно и според дадените упатства од советниците на БРО. За учениците со посебни образовни потреби навреме беа изготвени индивидуални образовни планови и секој наставник разви стратегии и определи начини на поддршка за секој ученик со попреченост согласно неговите можности и способности. За време на целата учебна година постоеше одлична координација помеѓу наставниците, родителите, асистентите и стручните соработници.

За реализација на наставните содрини наставниците користеа е-содржини (текстуални презентации, аудио и видеопрезентации), е-учебници, снимени видеолекции од наставници пропратени со презентација, Едуино и др.

Согласно законските прописи и статутот на училиштето, а со цел реализирање на програмата за работа и поставените приоритети во оваа учебна година се реализирани следните активности:

-планирање и ангажирање околу спроведувањето на промени заради подобрување на условите за работа и квалитетот на наставата

-интензивна соработка со МОН, Општина Гази Баба (вклучување во одбележување на различни манифестации Ден на општината, Хуманитарни акции....)
-соработка со БРО
-соработка со други училишта

**8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште**

Првото полугодие од учебната 2023/2024 год. започна на 01.09.2023 год., а заврши на 29.12.2023 год. согласно со календарот за организација на работата во учебната 2023/24 год. Денот на училиштето беше свечено одбележан на 27.10.2023 год. преку приредба, културни и образовни активности. Второто полугодие започна на 07.05.2024година, а заврши на 17.06.2024година.

**8.2. Работа во смени**

Одделенската настава ги опфаќа учениците од прво до петто одделение. Во учебната 2023/2024година има вкупно 19 паралелки во одделенска настава. Учениците од I до Vодд. наставата ја следат во две смени, а менувањето на смените се врши на секоја недела.

Предметна настава ги опфаќа учениците од шесто до деветто одделение. Во учебната 2023/2024 година во училиштето има вкупно 15 паралелки во предметна настава. Учениците од VI до IX одделение настава ја следат во прва смена.

Часовите во првата смена започнуваат во 8:00 часот, а часовите во втората смена започнуваат во 12:45 часот. Наставниот час трае 40 минути.

**8.3. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата**

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик.

**8.4. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште**

Во училиштето се изучува англискиот јазик, како прв странски јазик , од прво до деветто одделение, а како втор странски јазик од шесто до деветто одделение се изучуваат францускиот и германскиот јазик.

| Странски јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| **Англиски јазик** | 34 | **816** |
| **Француски јазик** | 8 | **140** |
| **Германски јазик** | 9 | **214** |

**8.5. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Во првото полугодие од учебната 2023/24 година се спроведуваше тандем настава по физичко и здравствено образование (тандем часови), за учениците од прво до петто одделение, каде покрај одделенскиот наставник во наставата се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование.

| Тандем наставници по физичко образование | | |
|---|---|---|
| **Одделенски наставник** | **Наставник по физичко и здравствено образование** | **Паралелка** |
| **Маја Питроповска/Марија Лефковска** | Алекса Бешлиевски | I-а |
| **Славица Стојаноска/ Елена** | Алекса Бешлиевски | I-б |
| **Розета Филькова/Билјана Личкова** | Алекса Бешлиевски | I-в |
| **Слободанка Басотова** | Алекса Бешлиевски | I-г |
| **Љубинка С. Петрушевска/ Ангелина Трајковска** | Бобан Величковски | II-а |
| **Руменка Дејанова / Јордан Петрушевски** | Бобан Величковски | II-б |
| **Анетка Трајкова / Радица Стоилкова** | Бобан Величковски | II-в |
| **Ана Ристовска** | Бобан Величковски | II-г |
| **Ивана Саздовска Спасиќ / Тања Гигова** | Бобан Величковски | III-а |
| **Сузана Апостолова / Елизабета Каранфилова** | Бобан Величковски | III-б |
**21.11.2023** - Детски музички фестивал „Златно славејче 2023“ - реализирана посета од страна на учениците од прво до четврто одделение во кино „Милениум“, во соработка со Сојузот за грижи и воспитување на децата, коишто го проследија 53. издание на фестивалот со што ја продолжија традицијата за посета на ова музичко обележје на нашиот главен град и имаа можност да ги чујат новите детски музички хитови, да се забавуваат и да ги развиваат музичката култура и љубовта кон музиката;

**07.12.2023** - Св. Климент Охридски, одбележан преку пригоден реферат за ликот и делата на Св.Климент Охридски, презентации, информативни текстови и творење творби (литературни и ликовни) за неговото значење за нашата татковина, за нашиот народ и за нашата писменост, како и вреднување на неговата просветителска дејност;

**14.12.2023** - Уредување и украсување на училишниот ентериер (ходници, катчиња и училишни/училнички паноа) со уметнички изработки во зимски и новогодишни мотиви и декорации од страна на учениците со цел развивање на креативноста и на уметничкиот порив и создавање потопол училишен ентериер и предновогодишно весело расположение.

**08.03.2024** - Одбележување на Денот на жената преку читање на ученички творби се со цел да се спознае важноста на жената, еднаквоста помеѓу мажот и жената, како и да се изрази љубов и почит кон жената-мајка-сестра-баба.

**21.03.2024** - Денот на Екологијата и Денот на пролетта се одбележа заедно со учениците и наставници вклучени во проектот ,,Интегрирање на еколошката едукација во македонскиот образовен систем’’ и беа спроведени следниве соодветни активности во текот на повеќе работни денови : подготвување на детско катче ,,Мојата оаза’’, подредување и фарбање на елементи од сончева училница, поставување табла, работна акција за чистење на училишниот двор, како и засадување на садници во определен простор.

**01.04.2024** - Одбележување на Денот на шегата преку организирање на маскенбал. Учениците со своите маски продефилираа низ ходниците и во училишниот двор, со цел поттикнување на добро расположение и развивање на чувство за хумор, креативност и творечка фантазија. Потоа учениците продефилираа на плоштадот во Автокоманда на ,,Априлијадата’’ која беше организирана од општина Гази Баба.

**04.05.2024** - Одбележување на годишнина од смртта на Гоце Делчев преку читање на реферат и стихотворби за ликот и делото на македонскиот револуционер, и гаење љубов и почит кон истиот.

**24.05.2024** - Одбележување на денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј преку читање реферат и стихотворби за мисијата на светите браќа Со активностите на Детската организација се запознаени родителите, локалната заедница и општата јавност преку веб страницата на училиштето.

Одговорни наставници: Бојана Митевска- предметна настава и
Елизабета Каранфилова -одделенска настава

### 10.3 Извештај за работата на Подмладокот на Црвениот Крст и Клубот за едукација и превенција

Согласно Годишната Програма за работа во рамки на Подмладокот на Црвениот Крст и Клубот за едукација и превенција во  учебната 2023/24 год. беа реализирани следниве активности:

-Избор на Раководен Одбор на ПЦК на училиштето и запознавање на  членовите на одборот со правата и обврските ( септември).

-Набавка и снабдување на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства со потребен училишен прибор за претстојната учебна година (септември).

-Одбележување на 16-ти Октомври- Меѓународниот ден на гладта под мотото „Помислете и на нас"во „Неделата на борба против гладта"  преку  активности, чија цел беше да се собере храна за социјално загрозените семејства.

-Запознавање на учениците со поимот волонтерство- Одбележување на Светскиот ден на волонтеризмот (декември)

-Предавање на тема орално здравје по повод Неделата на забоздравствена заштита (15-21 декември)

-Организација на обука по прва помош за наставници и ученици во соработка со Црвен крст на град Скопје

- Учество во подготовки и натпревар по Прва помош

-Евалуација  на работата на  организацијата на  ПЦК и Клубот за едукација и превенција на училиштето –изготвување  годишен извештај за работата (јуни 2024год.).

Одговорно лице: Биљана Теовска-дефектолог

## 11.  Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Спорет правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од основно образование во учебната 2023/24 година реализирани се следниве екскурзии:
еднодневна екскурзија, настава во природа, тридневна екскурзија, дводневна екскурзија и еднодневен пролетен излет.

**Извештај од изведена еднодневна екскурзија во Струмица**

На ден 5.04.2024 година (петок) е реализиранаеднодневнаекскурзија од научно-истражувачки , едукативен и рекреативенкарактер во градот Струмица и неговата околина.
Екскурзијата е наменета за учениците одIII-то (III-а, III-б , III-в и III-г)  одделение, со цел учениците да се запознаат со природните убавини, одликите и историскотоминато, традицијата и обичаите наградот и околните села.

Тргнувањето беше од пред ООУ „Стив Наумов" во 08.00часот. Се патуваше со 2 автобуса  во кој патуваа 74 ученици од сите  трети одделенија и 5 одделенски

наставнички:ТањаГигова, Ивана С. Спасиќ, Сузана Апостолова, Даниела Наумовска и Марина Јанковиќ. При патувањето во придружба на учениците заедно со наставниците беше присутен водичкако и медицинско лице-лекар.

Патувајќи конјуго-источниот дел на Р.С.Македонија учениците гиразгледуваа одликите на нашатататковина. Во 10 часот пристигнавме во градот Стумица и се упативме кон Колешино- село во Општина Ново Село во околината на градот Струмица. Пешачејќи во подножјето на планината Беласица го посетивме Колешинскиот водопад, формиран на реката Баба. Потоа следеше краток одмор во прекрасната природа и се упативме кон градот Струмица. Следуваше разгледување на еден од најголемите градови. Со прошетка низ градскиот парк, разгледувајќи ги тамошните споменици се упативме кон градскиот плоштад ,,Гоце Делчев“ каде учениците имаа можност да ја видат главната знаменитост- споменикот на ,,Гоце Делчев, како и местото каде се одвиваат различни манифестации меѓу кои и традиционалниот Струмички карневал. За време на прошетката учениците се рекреираа , другаруваа и социјализираа. На крајот се упативме кон селото Водоча каде го посетивме Манастирот Свети Леонтиј, познат како Водочки манастир. Учениците од тамошните монахињи беа запознаени карактеристиките и значењето на овој средновековен манастир.

Учениците и наставниците безбедно се вратија пред ООУ,,Стив Наумов” во Скопје во 20 часот.

Одговорен наставник –Сузана Апостолова

**ИЗВЕШТАЈ –НАСТАВА ВО ПРИРОДА V ОДД.**
**ВО ОХРИД ОД 15.4. 2024 ДО 19.4.2024 год.**

Од 15.4.2024 до 19.4.2024 год. беше изведена Настава во природа за учениците од V одделение. На наставата во природа присуствуваа 79 ученици со своите одд.раководители : V-а Гордана Мацкова, V-б Славица Трипуноска, V-в Јулијана Печевска и V-г Благица Илијевска, водич и медицинско лице.

Во текот на првиот ден беа видени попатно многу градови и села – и дел од природните убавини на нашата татковина.Од страна на водичот од агенцијата на меморијалниот споменик во чест на паднатите борци од НОБ им одржа кратко предавање за градот Прилеп –Марковите кули и Могилата на паднатите борци. Потоа се посети археолошкиот локалитет Хераклеа каде учениците заинтересирано го следеа излагањето на кустосот.Од Хераклеа се упативме кон градот Битола –ги посетивме „Широк сокак“,Саат кулата, Безистенот, а потоа го продолживме патувањето кон Охрид попатно панорамски укажувајќи на природните убавини –населени места-села, Преспанско Езеро, градот Ресен.... пристигнавме и се сместивме во хотел „Чинго“ во Охрид. Во 19 часот вечера.

Вториот ден ги посетивме местата: Музеј на вода „Заливот на коските“-наколните живеалишта „Свети Наум“-изворите на реката Црн Дрим. По враќањето -ручек и одмор.Во попладневните часови учениците пишуваа извештај за посетите од денешниот ден и математика ги работевме мерките за должина.

Третиот ден -Разгледување на Плаошник, Самоилова тврдина, катедралната црква Света Софија, попатно ја видовме и куќата на Робевци поради врнежливото време не бевме во можност да се задржуваме и да ја посетиме. После ручекот следуваа активности за народното творештво, учење и анализа на песната „Билјана платно

белеше“ со цел и да се повтори за нашето минато.Математика решавање на задачи со мерки за должина.

Четвртиот ден по доручекот се упативме кон Струга каде го посетивме „Природно-научен музеј“ – Никола Незглобински. Поради врнежливото време се вративме во хотелот и продолживме со активности пишување на извештај од посетата на музејот и илустрација од нивните впечатоци од музејот. После ручекот ја посетуваме црквата Јован Канео. Се движиме по патеката која не води покрај самото езеро и преку мостот на вљубените. Потоа прошетавме по „Чаршијата“- шеталиштето каде на крајбрежјето на учениците им беше објаснето за Охридското Езеро, богатиот растителен и животински свет -флората и фауната заштитените видови на риби-пастрмка и јагула како и за алги,полжави,плашици,бисери... од страна на водичот. Ликовно образование учениците цртаа одреден објект што им оставил впечаток од сите посети. После вечерата имавме учество во натпревар ,,Златен глас“.

Петтиот ден по доручекот презадоволни од престојот во хотелот се поздравивме и се упативме за Скопје со попатна посета на Вевчанските извори , но поради врнежливото време патот го продолживме. Панорамски го видовме Дебарско Езеро - хидроцентралите-Глобочица и Шпиље“, посета на манастирот Свети Георгиј Победоносец во с.Рајчица кој е женски манастир и е метох на Бигорскиот манастир, потоа го посетивме и „Св. Јован Бигорски“ со сите убавини-природа, иконостас, длаборез... Патот го продолжовме попатно по течението на реката Радика низ Националниот парк „Маврово“. Во Скопје стигнавме во 16: 30.
На оваа настава во природа учениците посетија и научија многу за нашето културно наследство од праисторијата па до денес. Имаа можност да ги видат и ги доживеат природните богатства на нашата татковина. И што е најважно научија да се грижат: за личната хигиена, за сопствените потреби , за личната и заедничката сопственост , за другарството и меѓусебното помагање, за дружељубивост, сплотеност, чувство за грижа,соработка, размена на идеи и мисли за културно однесување во хотел, ресторан, продавница, музеј, црква, џамија, сообраќај и сл.

Одговорен наставник: Гордана Мацкова

**Извештај од реализирана дводневна екскурзија во 6-то одделение**

Во периодот од 16 до 17.05 2024 година беше реализирана наставно научна екскурзија според годишната програма за екскурзии на училиштето. На екскурзијатаит беа присутни 65 ученика од 6а, 6б, 6в и 6г одделение со нивните класни раководители: Благица Јовановска, Александар Каровски, Благица Блажевска и Виолета Радулова.

Прв ден – тргнавме во 08.00 од Скопје, попатно го посетивме манастирот Свети Архангел Михаил во Прилеп, Музејот на град Битола и спомен собата на Ќемал Ататурк. Пристигнавме во Крани во 17.00 и се сместивме во хотелот на МВР
Втор ден – ги посетивме преспанските села Брајчино и Љубојно, археолошкиот локалитет Стоби и во 18.30 притисгнавме во Скопје.
Археолошкиот локалитет Хераклеа, спомен куќата на Стив Наумов и црквата Свети Ѓорѓи со село Курбиново не беа посетени заради технички причини. Останатиот дел од програмата и целите беа реализирана во целост, екскурзијата помина во пријатна атмосфера без никакви проблеми. Сместувањето и храната беа на потребното ниво.

Одговорен наставник: м-р Александар Каровски

**Извештај од изведената тродневна наставно- научна екскурзија во Западниот дел на РС Македонија(Охрид)за учениците од деветто одделение**

Од 29.5.2024 до 31.5.2024 год. беше изведена Тродневна настvно-научна екскурзија за учениците од IX одделение. На екскурзијата присуствуваа 70 ученика со своите одд.раководители : 9а-Олга Добревска,9б-Олгица Ристевска и 9в-Билјана Ристоска, водич и медицинско лице.

Екскурзијата е наменета за учениците од IX одделение, со цел учениците да се запознаат со природните убавини, одликите и историското минато, традицијата на Западна Македонија.

Тргнувањето беше од пред ООУ „Стив Наумов" во 08.00часот. Се патуваше со 1 автобус во кој патуваа 52 ученика од 9а и 9б одделение,учениците од 9в одделение патуваа со минибус. При

патувањето во придружба на учениците заедно со наставниците беше присутен водич како и медицинско лице-лекар.

Патувањето започна по обратен редослед од предвидениот од оправдани причини т.е.поради тежината на патувањето.Прва дестинација беше посетата на Гостивар-изворот на реката Вардар-Вруток.Оттаму се продолжи кон Бигорскиот манастир наместо кон Лешок.По разгледувањето на Бигорскиот манастир беше посетено Вевчани и вевчанските извори. Во Охрид се пристигна во 18 часот во хотелот,,Славија''на брегот на Охридското Езеро.Следуваа сместување,вечера и ноќевање.

Вториот ден беше резервиран за посета на Заливот на коските и Римската населба во склоп на истиот.Оттаму се упативме кон комплексот Св.Наум Охридски.По ручекот следуваше прошетка низ градот Охрид ,а во вечерните часови посета на дискотека.

Третиот ден по појадокот беа посетени црквата Св.Софија,Античкиот театар,Самоиловата тврдина,Плаошник и Св.Јован Канео. По ручекот беше напуштен хотелот и се тргна кон Скопје со попатно застанување на Стража.По одморот на Стража беше посетен Лешочкиот манастир-Св.Атанасиј.

Учениците и наставниците безбедно се вратија пред ООУ,,Стив Наумов" во Скопје во 20 .00 часот.

Одговорен наставник –Олга Добревска

**Извештај за еднодневен пролетен излет**

На 27 мај 2024 година беше изведен еднодневен пролетен излет во Лешочки манастир „ Св. Атанасиј " во кои беа присутни учениците од I – IX одд. На екскурзијата присуствуваа 641 ученик, предводени од нивните одделенски раководители.

Тргнување од пред училиштето во 08:30 часот и упатување кон Лешок. При патувањето сите ученици пристигнаа во Лешочкиот манастир, освен улениците од 6то одд. кои задоцнија со навременото пристугнување поради мал дефект со автобусот.

На ексурзијата беа поставени и реализирани следните цели :

- Учениците да се запознаат со историјата на манастирот.
- Запознавање со поимите фреска и икона.
- Запознавање за различните легенди и преданија за манастирот.
- Учениците да стекнат позитивен однос кон верските и културните вредности.
- Учениците да имаат интерес за природата и градење еколошки навики.

- Рекреација и развивање на спортски дух.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење. Пристигнување во Скопје околу 14 часот.

Одговорен наставник: Бобан Величковски

## 11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

**-Одделенска настава**

| **Ученици вклучени во вонучилишни активности** | **одделение** | **Вкупен број на ученици** |
|---|---|---|
| 1. Основно музичко училиште | 1 IIвв 1 IIвг 1 IVб | 3 |
| 2. Балетско училиште | 1 Ivб 1 Iiб 1 IIIб 1 IIIа 2 I в 4 Iб<br>1 Iа 2 Vа | 13 |
| 3.Кошаркарски клуб | 2 IVб 5 Ivв 1 Ivг 2 Iiб 1 Iiа 6 IIIб<br>5 III а 3 Iб 3 Iа<br>3 IIв | 31 |
| 4. Фудбал | 1 II г 5 IVб 1 Ivв<br>1 Vа 1 Vа | 9 |
| 5. Училиште за танц | 1 Ivб 1Iiа 1 IIIб 2 III а 1 I в 2 Iб<br>4 Iа 1 II г | 13 |
| 6. Пливање | 1 II г 8 IVб 2 Ivв 1 IVа 3 IVг 6 Iб<br>1 Iiа 2 IIIб 1 IIIа<br>1 I в 5 Iб 1 Iа<br>4 Vа 1 IIв | 35 |
| 7. Играорна | 1 II г 3 IVб 5I Vв 3IVа 1 IIб 1 IIа<br>3 Vа<br>3 IIIб 3 Iб 1 Iа<br><br>3 Vг 1 IIв | 28 |
| 8. Гимнастика | 2 Ivб 1 IVа 1 IIб<br>1 III а 1 Vа 1 IIв | 7 |
| 9. Јавање | 1 I в | 1 |
| 10. Тенис | 2 Ivб 1 IIIб 1 Iб 1 Iа 1 Vг 1 Vа 1 II г 1 IIв | 9 |
| 11. Цртање / ликовни уметности | 2 Iiг 2 Ivб 1 Ivв<br>1 Ivа 1 IIIб 1IIIа<br>1 I в 1 Vа 1 IIв | 11 |
| 12. Шах | 1 II г | 1 |
| 13. Пеење / хор | 1 Iа | 1 |
| 14. Глума | 2 IVб 2 IVа 1 IIб 1 IIIб 1 Iа 1 IIв | 8 |
| 15.Ракометен клуб | 1 II г 3 IVв 2 Iб<br>1 II г | 7 |
| 19. Одбојка | 1 IVб 1 IVа 1 IVг<br>1 IIб 3 III а 1 IIв | 8 |
| 17. Боречки вештини | 1 II г | 1 |
| 18. Странски јазик | 13 IVб 17 IVв 4 IV а 6 IVг 6 IIб<br>4 IIа 10 IIIб 4 III а<br>6 Iб 2 Iа 9 Vг<br>15 Vа 4 IIв | 100 |
| 19. Компјутерски курс | 1 IVа | 1 |
| 20. Карате | 2 Ivг 3 Vг 1 IIг | 6 |
| 21. Спортска академија | 1 Iiа 2 IIIб 3 III а 2 Iб 2 Iа 5 Vа 1 II г | 16 |
| 22. Свирење на инструмент | 1 Iv б 1 Iiб 1 IIа<br>1 Iб 1 Vа 1 II г | 6 |
| 23. Креативно пишување | 1 IIб | 1 |
| 24. Атлетика | 1 I в | 1 |
| 25.Курс по креативно пишување | 3 Vа | 3 |

| Ученици вклучени во вонучилишни активности | Предметна настава/одделение | Вкупен број на ученици |
|---|---|---|
| 1. Основно музичко училиште | 1 VII а 1 VIII а 1 IX г | 3 |
| 2. Балетско училиште | 1 VI а 2 VII в 1 VIII в 1 IX в | 5 |
| 3.Кошаркарски клуб | 2 VI в 2 VI б 2 VI а 2 VII г 5 VII а 1 VIII г 6 VIII б 2 VIII а 3 IX б | 25 |
| 4. Фудбал | 1 VI б 1VI а 2 VIII в 1 VIII б 1 IX г 1 IX в 3 IXa | 10 |
| 5. Училиште за танц | 2 VI в 4 VI б 1 VI а 2 VI а 2 VII г 3 VII а 3 IX в 3 IXa | 20 |
| 6. Пливање | 1 VI а 1 VII в 2 VII б 1 VII б 2 VIII г 4 VIII в 1 IX г 1 IX в 1 IX б | 14 |
| 7. Играорна | 1 VI в 3 VI б 2 VI а 2 VII г 4 VII б 2 VII а 4 VIII в 1 VIII б | 17 |
| 8. Гимнастика | 1 VII б | 1 |
| 9. Јавање | 1 VI б 1 VIII г 1 VIII в | 3 |
| 10. Тенис | 1 VII б | 1 |
| 11. Цртање / ликовни уметности | 1 VI а 1 VIII б 2 IX б | 4 |
| 12. Шах | | |
| 13. Пеење / хор | 1 VI б 2 IX в 1 IX б | 4 |
| 14. Глума | 1 VI в 1 VI б 1 VII в 4 IX г 1 IX б 2 IXa | 10 |
| 15.Ракометен клуб | 3 VI б 1 VI а 1 VII б 1VIII г 1 VIII б 3 IX г 3 IX б 1 IXa | 14 |
| 19. Одбојка | 2 VII в 2 VII б 1 VIII г 2 VIII в 1 VIII в 1 VIII а 1 IX г 1 IX в 5 IX б 1 IXa | 17 |
| 17. Боречки вештини | 1 VII а | 1 |
| 18. Странски јазик | 8 VI в 12 VI б 11 VI а 6 VII г 19 VII в 16 VII б 16 VII а 5 VIII г 24 VIII в 10 VIIIб 3 VIII а 7 IX г 5 IX в 19 IX б 20 IXa 1 IX г | 182 |
| 19. Компјутерски курс | 1 VI в 1 VI а 1 VII в 4 VIII в 1 VIII а 2 IX в 1 IX б | 11 |
| 20. Карате | | |
| 21. Спортска академија | 1 VI в 2 VI б 1 VI а 1 VII в 1 VIII г 4 VIII в 3 VIII б 5 IX г 4 IX в 6 IX б | 28 |
| 22. Свирење на инструмент | 1 VI а 2 VII а 1 VIII а 2 IX в | 6 |
| 23. Креативно пишување | | |
| 24. Атлетика | 2 VI б 1 IXa | 3 |

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари како составен дел на вonнаставните активности во себе содржат воспитна компонента и имаат за цел развивој на натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.

Во текот на учебната 2023/24 година учениците од нашето училиште учествува на :

- училиштни натпревари;
- општински натпревари;

- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

## 12.1.Освоени награди од учество на натпревари на учениците

За освоените награди училиштето на учениците свечено им се доделени признанија и награди (книги).

| Име и презиме на ученикот | Наставен предмет | Ментор | Освоена награда на : | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | општински | регионален | државен |
| **Искра Душановска 5б** | Англиски јазик 5б | Бојана Митевска | I Награда | I Награда | |
| **Мила Т.Атанасовски 5г** | Англиски јазик 5г | Бојана Митевска | I Награда | II Награда | |
| **Ангелина Чулев 6б** | Англиски јазик 6б | Благица Блажеска | II Награда | II Награда | |
| **Јана Дренкова 7в** | Англиски јазик 7б | Благица Блажеска | II Награда | III награда | |
| **Гала Ивановска 7б** | Англиски јазик | Бојана Митевска | II Награда | III награда | |
| **Лина Петрушевска 8б** | Англиски јазик | Татјана Арсова | I награда | | |
| **Јована Ристовска 8в** | Англиски јазик | Татјана Арсова | II награда | | |
| **Ана Аџиска 9б** | Англиски јазик | Татјана Арсова | II награда | | |
| **Ана Пауновска 9в** | Англиски јазик | Татјана Арсова | II награда | | |
| **Хана Цветковска 7а** | биологија | Соња Рулеска | I Награда | III награда | |
| **Никола Демјански 7б** | биологија | Соња Рулеска | II Награда | пофалница | |
| **Тамара Василевска 7в** | биологија | Соња Рулеска | II Награда | II Награда | III Награда |
| **Нела Ацковска 7а** | биологија | Соња Рулеска | II Награда | III Награда | |
| **Неда Стојчевска 7в** | биологија | Соња Рулеска | II Награда | III Награда | |
| **Ана Петковска 7в** | биологија | Соња Рулеска | II Награда | II Награда | III Награда |
| **Јована Јанчиќ 7а** | биологија | Соња Рулеска | II награда | III Награда | |
| **Јован Бубевски 7в** | биологија | Соња Рулеска | III награда | III Награда | |
| **Филип Василевски 7г** | биологија | Соња Рулеска | III награда | III Награда | |
| **Горјан Дамчевски 7в** | биологија | Соња Рулеска | III награда | III Награда | |
| **Михаела Чадиновска 7а** | биологија | Соња Рулеска | Пофалница | | |
| **Мила Цветановска 8в** | биологија | Соња Рулеска | II награда | I Награда | II Награда |
| **Тамара Димитрова 8а** | биологија | Даниела Денковска | II награда | II Награда | III Награда |
| **Калина Мојсовска 8в** | биологија | Соња Рулеска | II награда | I Награда | |
| **Ана Бошевска 8а** | биологија | Даниела Денковска | II награда | II Награда | пофалница |
| **Анастасија Димовска 8а** | биологија | Даниела Денковска | III награда | III Награда | |
| **Мила Ангелковска 8** | географија | Марина Грамова | I Награда | Пофалница | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ива Ѓорѓиевска** | географија | Марина Грамова | II Награда | Пофалница | |
| **Сара Ангелковска** | географија | Марина Грамова | пофалница | Пофалница | |
| **Никола Демјански** | географија | Марина Грамова | Пофалница | Пофалница | пофалница |
| **Нела Ацковска** | географија | Марина Грамова | пофалница | пофалница | Пофалница |
| **Михаил Мојсов 4б** | Природни науки | Анета Младеновска | II Награда | III Награда | |
| **Матеј Начковски 4б** | Природни науки | Анета Младеновска | III Награда | III Награда | |
| **Михаил Петров 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | I Награда | I Награда | |
| **Бојана Манчевска 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | I Награда | II Награда | II награда |
| **Јоана Димитровска 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | I Награда | II Награда | III награда |
| **Мила Т.Атанасовски 5г** | Природни науки | Даниела Денковска | I Награда | II Награда | III награда |
| **Дамјан Атанасов 5в** | Природни науки | Даниела Денковска | II Награда | I Награда | III награда |
| **Искра Душановска** | Природни науки | Даниела Денковска | II Награда | I Награда | III награда |
| **Горазд Христовски 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | II Награда | III Награда | |
| **Силвио Блажевски 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | III Награда | III Награда | |
| **Ева Узунов 5а** | Природни науки | Даниела Денковска | III Награда | III Награда | |
| **Ања Герасова 5а** | Природни науки | Даниела Денковска | III Награда | Награда | |
| **Софија Трпинова 5б** | Природни науки | Даниела Денковска | III Награда | пофалница | |
| **Матеа Јанкулоска 6б** | Природни науки | Лилјана Трајкова | I Награда | I Награда | II награда |
| **Кристијан Карасарлидис 6б** | Природни науки | Лилјана Трајкова | II Награда | III Награда | |
| **Марко Стојевски 6б** | Природни науки | Лилјана Трајкова | II Награда | III Награда | |
| **Магдалена Пејова 6в** | Природни науки | Даниела Денковска | I Награда | II Награда | II награда |
| **Деспина Ацевска 6в** | Природни науки | Даниела Денковска | I Награда | III Награда | |
| **Никола Кириловски 6в** | Природни науки | Даниела Денковска | II Награда | III Награда | |
| **Петрова Калина 4а** | математика | Андријана Стефановска | II Награда | III Награда | |
| **Матеј Начковски 4б** | математика | Анета Младеновска | Пофалница | | |
| **Мартин Јованов 5а** | математика | Гордана Мацкова | Пофалница | III Награда | |
| **Бојана Манчевска 5** | математика | Славица Трипуноска | III Награда | | |
| **Искра Душаноска 5б** | математика | Славица Трипуноска | III Награда | II Награда | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Марко Гудумановски 5б** | математика | Славица Трипуноска | II Награда | Пофалница | |
| **Михаил Петров 5в** | математика | Јулијана Печевска | III Награда | III Награда | |
| **Дамјан Атанасов 5б** | математика | Јулијана Печевска | Пофалница | II Награда | |
| **Стефан Крстев 5г** | математика | Благица Илијевска | пофалница | | |
| **Кирил Цветковски 6а** | математика | Даниела Моневска | III Награда | II Награда | I награда |
| **Андреј Стојановски 6а** | математика | Даниела Моневска | III награда | II награда | Пофалница |
| **Магдалена Пејова 6в** | математика | Олгица Ристовска | Пофалница | Пофалница | |
| **Хана Цветковска 7а** | математика | Даниела Моневска | пофалница | | |
| **Марија Трпинова 8б** | математика | Даниела Димишковска | III Награда | Пофалница | |
| **Никола Тоневски 8г** | математика | Даниела Димишковска | III награда | пофалница | |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование кое води до подобрување на резултатите на учениците. Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество.

Училиштето промовира мултикултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата, се организираат заеднички воннаставни активности наменети за културно/јазични мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да се обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Училиштето оневозможува користење на полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата и спречува секаков облик на дискриминација по социјална, полова и етничка основа.

## 14. Проекти што се реализираат во училиштето

### 14.1 Проект“Меѓуетничка интеграција во образованието“

Во училиштето се спроведуваат активности кои се предвидени со Годишната програма. Имено, во рамките на редовните часови и часовите на одделенската заедница, наставниците одржуваат часови и работилници со содржини преку кои се развива мултикултурен сензибилитет кај учениците. Во месец декември со потпишување на Меморандум беше продолжена соработката со досегашното партнер училиште ООУ „25 Мај” – Скопје. Тоа означи продолжување на реализацијата на заедничките активности.

Така на ден 25.12.2023 година, петнаесет ученици од четврто одделение ги посетија своите врсници - ученици и ја реализираа работилницата „Новогодишна магија“. Учениците изработуваа новогодишни украси, комуницираа, другаруваа. Завршната активност опфаќаше дарување новогодишни честитки и украсување на простории во училиштето. Сите активности, наставни и воннаставни, се насочени кон остварување на главната цел - учениците да ги продлабочат своите компетенции кои им се потребни за живот во интегрирано мултиетничко општество, почитување на другите, зголемување на соработката помеѓу ученици од различни националности, прифаќање на разликите и право на еднаквост на сите.

Училишен тим за меѓуетничка интеграција во образованието

### 14.2 Проект“Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“

Во учебната 2023-24 година беше изготвена Програма за работа на проектот - еко училиште и беше усвоен Акционен план на активности според еко стандарди и одбрани точки на акција за работа во тековната учебна година.

Заради потребата од интеграција на соодветни содржини во годишните програми за работа на наставниот кадар според стандардите и избраните точки на акција во училиштето секој наставник со соодветни содржини по одредени предмети ја збогати програмата за работа. Содржините и активностите предвидени со програмата на проектот за “Еколошка едукација во македонскиот образовен систем “во текот на учебната 2023-24 година, оваа учебна година, се реализира најмногу во рамките на редовните часови.

Сите наставници од одделенска и предметна настава ги интегрираа планираните содржини во годишните програми за работа согласно дадените стандарди и избраните точки на акција во училиштето од темите: вода, енергија, уреден двор, отпад, транспорт.

Еко одборот одржуваше состаноци за планирање и кординирање на активностите и случувањата во училиштето, особено со учениците кои членуваа во него кои правеа известувања за останатите ученици за собирните акции на материјали за рециклирање и за други случувања.

Во текот на ова учебна година беа направени мали поправки за подобрување на материјално техничките услови за работа во училиштето кои воедно влијаат и на подобрување на животната средина и хигиена за работа во училиштето.

Сите преземени активности во овој период беа достапни за учениците преку Еко информаторот и преку истакнување на прикладни пароли, закачени на видни места во училиштето , усно пренесени на учениците или преку читање реферати на разглас.

Со цел да се обезбеди здрава вода за здрав живот на учениците од нашето училиште општината во соработка со фирмата „Бентен Пан“ ДОО-увоз-извоз Скопје, во холот на училиштето, достапно за сите ученици, инсталираа чешми со филтри за прочистување од кои учениците ќе можат да пијат здрава, прочистена вода.

Во рамките на проектот во редовната настава и воннаставните активности беа реализирани следниве активности:

-Собирање на пластични капачиња;
-Собирање на потрошени батерии(акција на „ЕЛКОЛЕКТ-Биди суперхерој“-3);
-Собирање на пластични шишиња;
-Собирање на електронски отпад;

-Одбележување на поважни датуми поврзани со екологијата-еко-календар.
Учениците од нашето училиште спроведуваа активности континуирано, во текот на целата учебна година.

- Во текот на учебната 2023/2024 во рамките на проектот “Еколошка едукација во македонскиот образовен систем “ во нашето училиште се спроведоа активности и одбележувања на позначајни датуми од областа на екологијата предвидени со нашиот еко календар:

**16 септември** - светски ден за заштита на озонската обвивка

**22 септември** - европски ден без автомобили

**26 септември** - светски ден за чисти планини

**8 октомври** –меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата

**15 октомври** – меѓународен ден на пешаците

**16 октомври** – меѓународен ден на храната

**5 март** –светски ден за заштеда на енергија

**22 март** - светски ден за заштита на водата

**22 април** - Ден на планетата Земја

**15 мај** - Интернационален ден на акција за клима

**31 мај** –светски ден против пушењето

**5 јуни** - светски ден за заштита на животната средина

Истакнатите датуми беа одбележани со читање реферат на разглас, како и со соодветни индивидуални активности. Паралелно со овие активности се работеше и на уредување и одржување на хигиената во просториите на училиштето.

-Сите наставници од одделенска и предметна настава ги интегрираа планираните содржини согласно дадените стандарди и избраните точки на акција во училиштето од темите: вода, енергија, уреден двор, отпад, транспорт. Учениците изработуваа новогодишни украси (изработки) од рециклирачки материјали, картони од брисачи, тоалетна хартија се изработуваа креативни изработки.

- Во текот на учебната 2023/2024 нашето училиште се приклучи кон акцијата за одбележување на 15 Септември- Светски ден на чистење, посветен на расчистување на околината и правење на животната околина поубава. Под мотото „ Да го исчистиме светот„. Во нашето училиште се организираше акција за чистење на сметот и сувите гранчиња во училишниот двор, за почиста животна средина и почисто училиште, се прочитаа литературни творби и реферат.

-На истиот ден 15 Септември е реализирана и активност под наслов "Plant and Care for Peace" т.е „Засади и грижи се за мирот“.Со оваа активност се нагласува врската помеѓу негувањето на нашата планета и градењето г-лобални односи.

- 21 март Денот на екологијата и денот на пролетта се одбележаа со соодветни активности кои беа спроведени во текот на повеќе работни денови. Во активностите беа вклучени учениците од нашето училиште, вработените во училиштето како и родителите заедно со претставниците од Советот на родители.
Се реализираа повеќе работни активности:
-подготвување и свечено отворање на детско катче ,,Мојата оаза“ ,
-сончева училница( подотвување-поставување подлога, подготвување фарбање столчиња од дрво, поставување табла),

-работна акција за чистење на училишниот двор како и
-засадување на садници во определен простор.

- 5Јуни - Светскиот ден за заштита на животната средина, нашето училиште го одбележа преку учество на еко тимот на ООУ,, Стив Наумов“ заедно со другите училишта од општината во акција на засадување садници на багреми во парк шумата Гази Баба.

- Сите еко изработки - мурали, цветни мотиви, дрво-еко пораки, детското катче ,,Мојата оаза“, сончевата училница го разубавуваат нашето училиште и сведочат за посветеноста на наставниот кадар и нашите ученици во активностите за подигнување на еко свеста кај секој човек.
-Учениците во текот на изминатава учебна година садеа и одгледуваа садници, се грижеа за садниците од зимзелени дрвја, цвеќиња и спроведуваа акции за чистење на училишниот двор од отпадоци и суви гранчиња од дрвјата.

Паралелно со овие активности се работеше и на уредување и одржување на хигиената во просториите на училиштето.

Сите преземени активности во овој период беа поткрепени од страна на учениците со истакнување на прикладни пароли кои се закачени на видни места во училиштето, еко паноа или усно пренесени на учениците.

Еко информаторот беше тековно уредуван од страна на учениците од Еко-одборот и на сликовит начин се прикажуваше се што се работеше во училиштето.

Активностите кои се преземаа во ова учебна година 2023/24 континуирано можеа да се следат на еко-информатор и во електронска форма.
Учениците активно се вклучија во сите активности.
Активностите кои се преземаа во оваа учебна 2023-24 година се одвиваа под раководство на предметен наставник Марина Грамова и одделенски наставник Ивана С. Спасиќ и притоа континуирано можеа да се следат на еко-информатор и во електронска форма.

Координатор: м-р Марина Грамова

### 14.3 Проект „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“

Проектот “Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта “има за цел да воспостави вредносен систем, кој ке ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.

Од планираните активности во текот на 2023-24 учебна година се реализирани:

-Зададен анкетен прашалник за испитување на предзнаењата за корупција

-презентација на тема” Видови на корупција и причини за нејзино појавување”

-презентација на тема “Механизми за спречување на корупција”

-презентација на тема “Невладините организации и нивната улога во борба против корупцијата”

-предавање на тема “Последици од корупцијата”

-анкетен прашалник за утврдување на знаењата за корупција

Одговорен тим:Александар Каровски, Александра Крстевска

**14.4 Програма „Мировно образование“**

Мировното образование (МО) или образованието за МИР, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сè поголем интерес. Тоа промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во срединитe каде што живеат да создадат услови за позитивен мир. Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата. Во училиштата МО е иновативна и сеопфатна училишна програма со која се креира ненасилен и пријатен амбиент во училиштата и надвор од нив создавајќи единство во различностите и исполнувајќи ги многубројните потреби на различната популација. На 21 Септември 2023 година наставниот кадар и учениците го одбележаа Меѓународниот ден на мирот, ден посветен на борбата против омразата, предрасудите и насилството, ден посветен на промовирање поголемо почитување и достоинство.

„Облечи се во мир“ беше мотото под кое учениците го одбележаа Меѓународниот ден на мирот каде со посебна техника на боење на своите стари маици им дадоа нов лик и на истите испишаа пораки за мир, а потоа си ги подарија еден на друг.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши во периодот од 07-09.12.2023 во Струга организираше Мировна средба наменета за наставници и стручни соработници од основните и средни училишта на кој зема учество и претставник од нашето училиште.

Одговорно лице: Билјана Теовска

**14.5 Проект „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“**

Проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“се спроведува во соработка со Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ поддржан од Детската фондација Песталоци (ДФП) и истиот е во насока на поддршка на образовните политики и иницијативи за обезбедување инклузивно образование. Планираните цели и активности во проектот се во насока на поддршка на имплементацијата на Законот за основно образование, Концепцијата за основно образование, Концепцијата за инклузивно образование и Стратегијата за образование 2018-2025. Главна цел на проектот е зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста преку унапредување на физичките услови, училишната клима и средина, наставата и ефикасното финансирање.

Активности спроведени во првото полугодие од учебната 2023/24:

- Спроведена самопроцена на инклузивноста на училиштето за процена на моменталната состојба со цел да се идентификуваат приоритетните области за унапредување и поддршка.
- Изработка на индивидуален план за развој на училиштето Склучени договори за стипендирање на четири ученика со попреченост и еден ученик со надмината возраст
- Спроведен фандрејзинг активност под мотото „Ние сме вашата надеж за поубав свет“ со цел прибирање средства за изградба на детско инклузивно игралиште
- Спроведени низа активности поврзани со примена на знаења за интеркултурно учење и детски права од страна на 10 наставници
- Реализација на грант за изведба на Инклузивно игралиште

Одговорно лице: Билјана Теовска

## 15. Поддршка на учениците

Ефективната поддршка на учениците се остварува преку спроведување на следниве активности:

- Изготвување програми за работа со талентирани и надарени ученици;
- Изготвување програми за работа со учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби и емоционални потешкотии;
- Идентификација на талентираните, надарените и учениците со потешкотии во учењето;
- Континуирана поддршка на талентираните и надарените ученици;
- Континуирана поддршка на учениците со посебни потреби и емоционални потешкотии;
- Континуирана поддршка на учениците преку додатната и дополнителната настава;
- Професионално информирање и ориентирање на учениците;
- Индивидуално и групно советување на учениците;
- Следење, анализа и промоција на постигањата на учениците;
- Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, како и спречување на дискриминацијата;

Преку поддршка на учениците и примена на ефективни наставни практики, методи и форми на работа се промовира академско, практично, социјално и емоционално учење кај сите ученици, а училиштето создава инклузивна и стимулативна средина за развој на секој ученик

### 15.1. Постигнување на учениците

#### Преглед на општиот успех на учениците

Учениците од прво до трето одделение на крајот на учебната година се оценуваат описно, а учениците од четврто до деветто одделение бројчано.

| Паралелка | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Среден успех по предмети | описно | описно | описно | | | | | | | |
| македонски јазик | | | | 4,55 | 4,41 | 4,38 | 4,34 | 4,21 | 4,56 | 4,40 |
| математика | | | | 4,41 | 4,30 | 3,87 | 3,79 | 3,67 | 4,11 | 4,02 |
| англиски јазик | | | | 4,31 | 4,55 | 4,43 | 4,49 | 4,46 | 4,59 | 4,52 |
| француски јазик | | | | | | 4,54 | 4,50 | 4,56 | 4,80 | 4,62 |
| германски јазик | | | | | | 4,15 | 3,98 | 3,62 | 4,08 | 3,93 |
| ликовно образование | | | | 4,81 | 4,80 | 4,45 | 4,51 | 4,62 | 4,58 | 4,63 |
| музичко образование | | | | 4,79 | 4,81 | 4,89 | 4,69 | 4,87 | 4,95 | 4,83 |
| природни науки | | | | 4,38 | 4,18 | 4,11 | | | | 4,23 |
| техничко образование и информатика | | | | 4,73 | 4,76 | | | | | 4,75 |
| техничко образование | | | | | | 4,98 | | | | 4,98 |
| информатика | | | | | | 4,83 | 4,29 | | | 4,69 |
| општество | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **историја и општество** | 4,40 | 4,33 | | | | | 4,37 |
| **историја** | | | 4,56 | 4,33 | 4,54 | 4,51 | 4,49 |
| **географија** | | | 4,35 | 4,29 | 4,41 | 4,41 | 4,52 |
| **граѓанско образование** | | | 5,00 | | 4,88 | 4,54 | 4,81 |
| **етика** | | | | 4,76 | | | 4,76 |
| **биологија** | | | | 4,32 | 4,15 | 4,36 | 4,27 |
| **физика** | | | | | 3,89 | 4,26 | 4,06 |
| **хемија** | | | | | 4,08 | 4,09 | 4,08 |
| **иновации** | | | | | | 4,39 | 4,39 |
| **физичко и здравствено образование** | 4,69 | 4,78 | 4,06 | 4,85 | 4,82 | 4,90 | 4,83 |
| **Изборен предмет** | | | | | | | |
| **етика на религиите** | | | 5,00 | | | | 5,00 |
| **класична култура** | | | 4,75 | | | | 4,75 |
| **вештини за живеење** | | | | 4,91 | | | 4,91 |
| **програмирање** | | | | | | 4,65 | 4,65 |
| **истражување на родниот крај** | | | | | 5,00 | | 5,00 |
| **игри за разрешување конфликти** | 4,88 | 4,95 | 4,81 | | | | 4,87 |
| **проекти од ликовната уметност** | | | | | 5,00 | | 5,00 |
| **сликаце, цртање, бајарство** | 4,81 | 4,88 | | | | | 4,83 |
| **танцување** | | 4,88 | | | | | 4,88 |
| **имам права** | | 4,83 | | | | | 4,83 |

**П р е г л е д**

на општиот успех на учениците на крајот на учебната 2023/24год. со настава на македонски наставен јазик

| одделение | вкупно ученици | | 1 одлични | | 2 мн.добри | | 3 добри | | 4 доволни | | вкупно | | 5 Неоценети | Описно оценети | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | бр. | |
| I | 89 | 43 | | | | | | | | | 89 | 100 | / | 89 | описно |
| II | 103 | 52 | | | | | | | | | 103 | 100 | / | 103 | описно |
| III | 88 | 43 | | | | | | | | | 88 | 100 | / | 88 | описно |
| IV | 87 | 53 | 60 | 69,77 | 21 | 24,42 | 4 | 4,65 | 1 | 1,16 | 87 | 100 | / | | 4,62 |
| V | 95 | 41 | 66 | 69,47 | 21 | 22,11 | 7 | 7,37 | 0 | 0,00 | 94 | 98,95 | 1 | | 4,61 |
| **I-V** | **462** | **232** | **126** | **69,61** | **42** | **23,20** | **11** | **6,08** | **1** | **0,55** | **461** | **99,79** | **1** | **280** | **4,61** |
| VI | 82 | 39 | 58 | 70,73 | 23 | 28,05 | 1 | 1,22 | 0 | 0,00 | 82 | 100 | / | / | 4,59 |
| VII | 91 | 44 | 57 | 62,64 | 25 | 27,47 | 9 | 9,89 | 0 | 0,00 | 91 | 100 | / | / | 4,47 |
| VIII | 101 | 52 | 49 | 58,42 | 26 | 25,74 | 16 | 15,84 | 0 | 0,00 | 101 | 100 | / | / | 4,40 |
| IX | 80 | 41 | 56 | 70,00 | 16 | 20,00 | 6 | 7,50 | 2 | 2,50 | 80 | 100 | / | / | 4,49 |
| **VI-IX** | **354** | **176** | **230** | **64,97** | **90** | **25,42** | **32** | **9,06** | **2** | **0,56** | **354** | **100** | **/** | **/** | **4,49** |
| **I – IX** | **816** | **408** | **356** | **66,56** | **132** | **24,64** | **44** | **8,04** | **3** | **0,56** | **815** | **99,88** | **1** | **280** | **4,52** |

**Споредба на средниот успех на учениците со предходните две учебни години**

| Учебна година | 2021/2022г. | 2022/2023г. | 2023/2024г. |
|---|---|---|---|
| Среден успех | 4,50 | 4,47 | 4,52 |




## Анализа на успехот на учениците од прво до трето одделение

Описната оценка ги одразува индивидуалните постигања на секој ученик.Таа се темели на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Описната оценка е аналитична и не служи за споредба со другите ученици, туку го претставува развојот и напредокот на ученикот. Во табелите се дадени податоци за постигнувањата на учениците по наставни предмети во критериумска класификација врз основа на нивоата на знаења и способности.

Опис на критериумска класификација:

Кк-А: ученикот постигнал 90%од целите на наставната програма на ниво на помнење,репродуцирање, сфаќање и разбирање, може да ги мрименува знаењата во даден проблемски контекс со познати и нови елементи, може да средува, комбинира елементи во нови целини и да покажува способност за вреднување на оправданост или научност на некое тврдење или дело.

Кк-Б : постигањата на ученикот се однесуваат на поцелосно запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, покажува способностза примена на знаењата во даден проблемски контекст со познати и нови елементи, како и способност за средување и комбинирање елементи во нови целини.

Кк- В: постигањата на ученикот покрај тоа што се однесуваат на запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини, покажува и способност за примена на знаења во едноставен проблемски контекст

Кк-Г: постигањата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот покажува одредени способности знаењето да го искаже со свои зборови и знаењето да го применува во наједноставни примери

Кк- Д: постигањата на ученикот се однесуваат на делумно запомнување и репродуцирање, ученикот најчесто работи со помош

| Прво одделение | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | Број на ученици според постигањата(описни каттегории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија) | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Кк-А** | | | **Кк-Б** | | | **Кк-В** | | | **Кк-Г** | | | **Кк-Д** | | |
| | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж |
| **македонски јазик** | 54 | 24 | 30 | 22 | 16 | 6 | 11 | 10 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **математика** | 55 | 26 | 29 | 20 | 12 | 8 | 12 | 11 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **англиски јазик** | 51 | 22 | 29 | 18 | 11 | 7 | 16 | 11 | 5 | 4 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **ликовно образ.** | 78 | 37 | 41 | 11 | 9 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **музичко образ** | 75 | 36 | 39 | 13 | 9 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **природни науки** | 61 | 26 | 35 | 12 | 10 | 2 | 14 | 10 | 4 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **општество** | 62 | 30 | 32 | 11 | 8 | 3 | 14 | 8 | 6 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **физичко и здравствено образование** | 85 | 44 | 41 | 4 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

- Во критериумската класификација Кк-А по сите предмети девојчињата имаат повисоки постигнувања освен по предметот физичко и здравствено образование
- Во критериумската класификација Кк-б по сите предмети преовладуваат момчињата
- Највисоки постигања учениците имаат по предметите музичко, ликовно и физичко и здравствено образование

| Второ одделение | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Наставен предмет** | Број на ученици според постигањата(описни каттегории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија) | | | | | | | | | | | | | | |
| | Кк-А | | | Кк-Б | | | Кк-В | | | Кк-Г | | | Кк-Д | | |
| | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж |
| **македонски јазик** | 51 | 22 | 29 | 21 | 8 | 13 | 16 | 10 | 6 | 14 | 11 | 3 | 1 | 0 | 1 |
| **математика** | 46 | 19 | 27 | 22 | 8 | 14 | 18 | 12 | 6 | 16 | 12 | 4 | 1 | 0 | 1 |
| **англиски јазик** | 51 | 22 | 29 | 20 | 7 | 13 | 20 | 12 | 8 | 12 | 10 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **ликовно образ.** | 80 | 38 | 42 | 12 | 6 | 6 | 7 | 4 | 3 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **музичко образ** | 72 | 35 | 37 | 20 | 9 | 11 | 7 | 4 | 3 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **природни науки** | 50 | 22 | 28 | 27 | 12 | 15 | 16 | 11 | 5 | 9 | 6 | 3 | 1 | 0 | 1 |
| **општество** | 50 | 22 | 28 | 27 | 12 | 15 | 16 | 11 | 5 | 9 | 6 | 3 | 1 | 0 | 1 |
| **физичко и здравствено образование** | 84 | 40 | 44 | 9 | 4 | 5 | 6 | 4 | 2 | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |

- Во критериумската класификација Кк-А и Кк-Б по сите предмети поголема е застапеноста на девојчиња
- Во критериумската класификација Кк-В и Кк-Г по сите предмети поголема е застапеноста на девојчиња
- Највисоки постигања учениците имаат по предметите ликовно,музичко образование и физичко и здравствено образование

| Трето одделение | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен предмет | Број на ученици според постигањата(описни каттегории врз основа на стандардите и Блумовата таксономија) | | | | | | | | | | | | | | |
| | Кк-А | | | Кк-Б | | | Кк-В | | | Кк-Г | | | Кк-Д | | |
| | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж |
| **македонски јазик** | 39 | 19 | 20 | 19 | 10 | 9 | 19 | 9 | 10 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 0 |
| **математика** | 43 | 24 | 19 | 18 | 10 | 8 | 16 | 7 | 9 | 8 | 4 | 4 | 3 | 3 | 0 |
| **англиски јазик** | 54 | 24 | 30 | 10 | 5 | 5 | 16 | 10 | 6 | 5 | 2 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| **ликовно образ.** | 72 | 33 | 39 | 4 | 4 | 0 | 11 | 7 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **музичко образ** | 71 | 32 | 39 | 4 | 4 | 0 | 11 | 7 | 4 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **природни науки** | 49 | 25 | 24 | 19 | 8 | 11 | 15 | 7 | 8 | 2 | 2 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| **општество** | 50 | 25 | 25 | 17 | 8 | 9 | 14 | 6 | 8 | 4 | 3 | 1 | 3 | 3 | 0 |
| **физичко и здрав. образ** | 84 | 41 | 43 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |

- Во критериумската класификација Кк-А по сите наставни предмети поголема е застапеноста на девојчињата.
- Во критериумската класификација Кк-Г по сите наставни предмети еднаква е застапеноста на момчиња и девојчиња.
- Во критериумската класификација Кк-Д има момчиња со потешкотии во учењето
- Највисоки постигања учениците имаат по предметите ликовно,музичко образование и физичко и здравствено образование

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Програмата за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта е изработена врз основа на член 47 став (2) од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19 и 229/20

Оваа програма има за цел да им помогне на учениците и нивните родители/старатели при изборот на средното училиште ,согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Програмата ја реализираат стручните соработници и наставници со учениците од осмо и деветто оделение и истата е составен дел од Годишната програма за работа на основното училиште. Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со струките и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната

заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критерирумите за упис во средно образование.За секој ученик се води ученичко портфолио почнувајќи од осмо одделение и ги содржи сите трудови од почеток до крај на одлучувањето.

Во 2023/24 год.беа реализирани следните активности:

Во областа за *самоспознавање* на учениците беа одржани работилници на различни теми :

- Работилници за ученици од осмо и деветто одд. на тема: „Секој има своја функција"
- Работилница за ученици од осмо и деветто одд.на тема: „Кога ке пораснам сакам да бидам"
- Работилница за ученици од осмо и деветто одд.на тема „ Автомеханичарки„
-Предавање и дискусија за ученици од деветто одд. на тема" Професионален и кариерен развој"
-Работилница за изработка на CV и мотивационо писмо
- Изработка на есеј на тема „Моето идно занимање"

Во областа за *информирање и пребарување за видови професии и можности за школување* беа опфатени ученици од деветто оддление и беа спроведени следните акивности:
- споделување на Конкурсот за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта пред учениците
- информирање за мрежата на средни училишта
- споделување пропаганден материјал од средните јавни училишта
- презентација на струки и занимања
- самостојно интернет истражување и информирање за пазарот на труд од страна на учениците

Во делот на *реални контакти/средби* беа одржани презентации од повеќе средни училишта (ПСУ"САБА", СУГС"Марија С. Кири", СУГС"Михајло Пупин",СУГС"Здравко Цветковски", СУГС"Панче Арсовски" и др.)

Во делот на *донесување одлука* беше направена споредба на профилот на личноста на ученикот со профилот на образование и крајната цел е самостојно донесување на конечен избор за упис во одредено средно училиште.

### 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Основна задача на училиштето и целокупниот воспитно-образовен кадар е намалување на насилното однесување и спречување на појавите на дискриминација. Училиштето ги спроведе активностите предвидени со Програмата за превенција на насилното однесување и дискриминација по било која основа, со која преку индивидуални и групни активности се врши едукација на учениците за препознавање и пријавување на сите видови насилство. Од оваа учебна година училиштето се вклучи во активностите на проектот „Мировно образование„ на Првата детска амбасада во светот„Меѓаши“ кои имаа за цел поттикнување на ненасилна комуникација меѓу учениците промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем, како и во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ во соработка со Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Оценувањето во учебната 2023/24 година се вршеше согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина и Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците беа оценети описно и нумерички според три периоди:

-Учениците опфатени во првиот период I-III одделение беа осенети со описни оценки..

-Учениците опфатени во вториот период од IV-VI одделение се оценети со описни оценки на крајот на првиот, вториот и третиот класификационен период, а нумерички на крајот на учебната година

-Учениците опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценети само со нумерички оценки.

Во текот на целата учебна година од страна на психологот на училиштето согласно Законот за основно образование (членови 76,77 и 78), Правилникот за советување родители на ученици од основни училишта, Програмата за советување ученици во основни училишта и согласно потребите,се одвиваше советување на родители и ученици. За истото се изготвија месечни и неделни планови и се водеше документација пропишана со прирачникот и програмата согласно критериумите дадени во истите( за родители и ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат намален успех во учењето и имаат несоодветно однесување).

Во текот на оваа учебна година во периодот од 01.09.2023год.до 17.06.2024год.на советување беа повикани вкупно:

-пет родители на ученици кои нередовно ја посетуваа наставата
-шест родители на ученици кои имаа незадоволителен успех
-еден родител на ученик со несоодветно однесување

На крајот на наставната година неоценет е еден ученик од Vг одд. поради неоправдано отсуство подолго од еден месец. Согласно Законот за основно образование родителите на ученикот се поканети на советување, но и после три уредно испратени покани тие не се јавија на советување.Истите се пријавени кај овластениот државен просветен инспектор. Извршена е и посета на домот од страна на одд.раководител и психологот ,како и од страна на образовен медијатор. Согласно член 144 став 1 и 2 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ, бр.161 од 05.08.2019година) ученикот се упатува на одделенски испит.

На крајот на учебната година ниту еден ученик нема негативни оценки и согласно тоа училиштето не организира дополнитена настава.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Тимот за следење, анализа и поддршка на наставниците при оценувањето ги реализираше активностите предвидени со Планот за следење и анализа на состојбите. Наставниците добиваат континуирана поддршка при процесот на оценување, а се следи и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад;

На почетокот на учебната година извршен е увид во годишните и тематските планирања на наставниците;

Следена е реализацијата на наставните планови и програми преку посета на наставни часови;

Вршена е анализа и изготвувани се извештаи по посетените часови , како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти;

Посетени се отворени и нагледни наставни часови и водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми , стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание се обрна на методите на формативно оценување, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците, како и на поттикнување и развивање на критичкото мислење кај учениците;

Тимот за инклузија на ученик два пати во наставната година вршеше ревизија/евалуација на постигнатоста на целите од индивидуалниот образовен план за ученикот со посебни образовни потреби.

Тимската работа на стручните активи придонесе за унапредување на меѓусебната соработка, размена на искуства, сознанија и примери на добра практика кои придонесоа за подобрување на квалитетот на наставата.

Увид во педагошката документација и евиденција и главните книги. По извршените увиди од страна на комисијата и директорот, констатираната состојба се евидентира во однапред изготвени формулари. Преку водењето на педагошкиот картон од страна на

стручните соработници е следена и другата педагошка евиденција и документација (годишни, тематски и дневни планирања, планирање и реализација на дополнителна, додатна настава, часовите на одделенската заедница, родителските средби, планирање и изготвување на тестови... )

### 16.3 Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Согласно законот за основно образование самоевалуацијата на училиштето е спроведена во периодот од две наставни години (септември 2022год.-јуни 2024год.)

Врз основа на одлуката за отпочнување на самоевалуација за периодот 2022-24 год. (02-404/2/2) донесена од страна на Училишниот одбор на 07.10.2022 год., директорот на училиштето донесе решение за именување на членови на комисијата за спроведување на самоевалуацијата на училиштето со деловоден број 02-404/2//21.

Извештајот од спроведената самоевалуација на работата на училиштето за периодот 2022-2024 е усвоен на 17.06.2024 година од страна на Наставничкиот совет на училиштето. Предлог-мерките ќе бидат основа за креирање нови стратегии за подобрување на квалитетот на работата на училиштето и истите ќе бидат земени во предвид при изготвувањето на Годишните програми за работа на училиштето во наредните две учебни години, како и при изготвувањето на Развојната програма на училиштето. Самоевалуацијата за периодот 2022-2024 се спроведе според следниот план на активности:

| Активности | Реализатор | Време на реализација |
|---|---|---|
| **Донесување одлука за отпочнување самоевалуација** | Училишен одбор | Септември 2022 |
| **Именување членови на комисијата за спроведување на СЕУ** | Директор | Септември 2022 |
| **Состаноци на комисијата за самоевалуација** | Членови на комисија за СЕУ | 2022-2024 |
| **Состаноци на координаторите со одговорните на подрачја** | Координатори и одговорни на подрачја | 2022-2024 |
| **Состаноци на работните групи** | Членови на работни групи | 2023-2024 |
| **Преглед на училишната евиденција и документација** | Членови на работни групи | 2023-2024 |
| **Изготвување анкетни прашалници** | Координатори и одговорни на подрачја | Март-Април 2024 |
| **Дистибуција на прашалниците за наставници, родители и ученици** | Членови на работни групи | Април 2024 |
| **Обработка на добиените податоци од анкетните прашалници** | Членови на работни групи | Април-мај 2024 |
| **Согледување на силни и слаби страни во работењето** | Координатори и одговорни на подрачја | Април-Мај 2024 |
| **Определување приоритетни подрачја за подобрување** | Координатори и одговорни на подрачја | Мај 2024 |
| **Изготвување поединечни извештаи по подрачја** | Членови на работни групи | Мај-јуни 2024 |
| **Изготвување нацрт извештај** | Комисија за СЕУ | Јуни 2024 |
| **Презентирање и усвојување на нацрт** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **извештајот на Наставничкот совет, Советот на родители, учениците, директорот на училиштето и УО** | Комисија за СЕУ | Јуни 2024 |
| **Изготвување финален извештај** | Комисија за СЕУ | |
| **Испраќање на извештајот до ДИЦ и основач** | Директор | Јуни 2024 |
| **Објавување на Извештајот од самоевалуација на веб страната на училиштето** | Директор | Јуни 2024 |

## 17. Безбедност во училиштето

За непречено одвивање на воспитно-образовниот процес од особена важност е сите субјекти во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно. Со цел создавање на безбедни услови за учење и работа во училиштето се преземаат мерки и активности за заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица. Во училиштето постои видео надзор, физичко обезбедување и дежурни наставници. Документите со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа: Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи; План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи; План за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште; Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи; Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи; континуирано се ажурираат и дополнуваат.

## 18. Грижа за здравјето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.
Во училиштето се спроведувааат и интерни работни акции за средување на работното катче. Училиштето презема активности за организирање едукативни предавања и работилници во насока на унапредување и заштита на физичкото и ментално здравје на учениците.
Од страна на Црвениот Крст на град Скопје за 40 ученици беше спроведена Обука за укажување прва помош.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Во текот на целата година се води грижа за исправноста и функционалноста на санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарен простор се чистат, мијат, се дезинфицираат со дезинфекциони асептични нетоксични средства. Во санитарниот простор има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простори, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два - три пати во денот, училниците се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува, а мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно уреден со поставени корпи за отпад.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ-Школска медицина – Автокоманда – Поликлиника Ченто; Стоматолошка ординација – ЈЗУ Автокоманда, Републички завод за здравствена заштита – одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и

микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед.
Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: 1, 3, 5, 7 и 9 одделение, кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на 'рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба).
Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од 1 до 6 одделение, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон.
За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во ЈЗУ „Автокоманда“ со одделенски раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.
Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

**18.3. Вакцинирање**

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.
Вакцинирањето се врши во амбулантата „Автокоманда“ во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од 1 до 5 одделение, а за учениците од 6 до 9 одделение, одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.
- 1 одделение, за учениците со навршени шест години - ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит);
- 2 и 3 одделение - ревакцина DT Polio (дифтерија,тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина;
- 7 одделение вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини.

Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (две дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.
-9 одделение - само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.
Со оглед на работата во услови на пандемија со КОВИД 19, во целокупниот период кога наставата генерално се одвиваше онлајн, систематските прегледи, стоматолошките систематски прегледи и вакцинацијата се одвиваа според однапред изготвен план и протокол и според указите од страна на Министерството за здравство, така што во учебната 2022/2023г. на систематски преглед беа повикани учениците од првите оделенија, за вакцинација (MRP, DT polio) беа повикани учениците од првите (MRP), вторите и деветтите одделенија (DT polio), а на систематски стоматолошки преглед и залевање заби беа повикани учениците од вторите и четвртите одделенија.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето ги планира и реализира активностите за подигање на свеста за здрава храна како и подигање на училишниот активизам и промоција во средината со активно вклучување на родителите. Кампањата која има за цел да ја подигне свеста кај учениците и родителите за потребата од конзумирање на здрава храна ги вклучува сите ученици, а беа спроведени работилници за изработка на рецепти, изработување на ликовни и пишани творби, едукативни предавања за правилна исхрана итн.

Исхраната во училиштето се организира согласно Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

**Преглед на поведението, изостаноците и изречените педагошки мерки на учениците**

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 89 | 103 | 88 | 87 | 95 | 82 | 91 | 101 | 80 | 816 |
| Добро | | | | | | | | | | |
| Незадовол. | | | | | | | | | | |

| Изостаноци | Одделение | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I- IX |
| Оправдани изостаноци | 1878 | 1884 | 2090 | 1554 | 1641 | 913 | 1539 | 3027 | 1864 | 16390 |
| Неоправдани изостаноци | 0 | 0 | 0 | 0 | 140 | 1 | 9 | 31 | 62 | 243 |
| Вкупно изостаноци | 1878 | 1884 | 2090 | 1554 | 1781 | 914 | 1548 | 3058 | 1926 | **16633** |

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Педагошка мерка | | | | | | | | | |
| усмена опомена од одд. раководител | | | | 1 | 2 | 1 | 2 | **5** | 8 | **19** |
| писмена опомена од одд. раководител | | | | | **1** | | | **1** | **3** | **5** |
| укор | | | | | **1** | | | **2** | **1** | **4** |

| | |
|---|---|
| **преместување во друга паралелка** | |
| **добро поведение** | |
| **незадоволително поведение** | |

Во текот на целата учебна година од страна на психологот на училиштето согласно Законот за основно образование (членови 76, 77 и 78), Правилникот за советување родители на ученици од основни училишта,Програмата за советување ученици во основни училишта и согласно потребите,се одвиваше советување на родители и ученици.За истото се изготвија месечни и неделни планови и се водеше документација пропишана со прирачникот и програмата согласно критериумите дадени во истите( за родители и ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат намален успех во учењето и имаат несоодветно однесување).

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во рамките на предвидените активности во однос на естетското уредување на училиштето реализирани се следниве активности:

- Уредување на училишните паноа тематски,за периодот од 23 Октомври до - 26 Октомври кога се предвидени активности за одбележување на патрониот празник (ликовен и литературен конкурс)-презентација за ликот и делото на нашиот патрон.
- Уредување на училишните паноа тематски по повод Одбележување на 20- ти Ноември- Светски ден на детето
- Мурал со бои- естетско уредени училници и ходници во училиштето
- Уредување на училишните паноа со новогодишни мотиви од страна на наставниците,како и изработки и креации од учениците
- Уредување на училишните паноа со најубави креации на мартинки од учениците по повод ПРВИ МАРТ- ДЕН НА МАРТИНКИТЕ.
- Мурал со капачиња по повод 22 Март-Светски ден на водата, уредување на училишните паноа со изработки и креации од учениците
- Уредување на училишните паноа со креација на првоаприлска маска изработена според сопствена замисла,идеја и желба на учениците по повод ПРВИ АПРИЛ - ДЕН НА ШЕГАТА.
- Уредување на училишните паноа по повод 21 Март Ден на екологијата со изработки од рециклиран материјал (пластично шише,хартија,цевки и сл.) , литературни и ликовни творби со мотив од Екологијата
- Уредување на училишните паноа по повод 22 Април - Ден на планетата Земја со изработки (литературни и ликовни творби).
- Уредување на училишните паноа со велигденски украси и изработки
- Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор
- (активности во училишен двор)
- Уредување на „Сончева училница“ во училишниот двор

Одделенски наставник: Руменка Дејанова
Тим за естетско и фукционално уредување

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на стручното усовршување на наставниот кадар. Изготвена е годишна програма за професионален развој, а сите реализирани активности се соодветно евидентирани и документирани. Секој наставник има изготвено личен план за професионален развој и на крајот од учебната изготвува извештај за реализација на истиот. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое е заведен и следен нивниот личен професионален развој.
Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие. Преку посета на отворени и нагледни часови, меѓусебни консултации за имплементирање на новините во наставни програми, размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали, размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници се одвива хоризонталното учење како еден од начините на професионален развој на воспитно-образовниот кадар.

### 20.1. Активности за професионален развој

**Посетени обуки, семинари и работилници во учебната 2023-24 година, согласно училишната програма за професионален развој на ООУ„Стив Наумов”- Скопје**

-Обука **„Реализација на новата Наставна програма за шесто одделение“**, во организација на БРО, реализирана од советници, посетена одсите предметни наставници кои ќе реализираат настава во шесто одделение во учебната 2023/2024 година (јуни, јули2023 г.).
- Обука **„Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница“**,во организација на Академија ЦЕС, реализирана од Снежана Карас, посетена од сите оддленски и предметни наставници во училиштето (18,23,24,25 август 2023 г.).
- Вебинар **„Планирање часови со помош на вештачка интелигенција“**, реализирана од Ана Поплавска, обучувач за наставници по англиски јазик, која ја следеа наставниците по англиски јазик (7 септември 2023 г.).
- Обука **„Програма-ДИСО (Децата и семејствата во образованието)“,** реализирана од наставник-ментор, м-р Анетка Трајкова, посетена од сите оддленски и предметни наставници во училиштето (24, 30 октомври2023г.).
-Тренинг за тренери наменет за стручните соработници на тема **„Род, родова еднаквост и родово засновано насилство. Спречување и заштита од насилство во училиштата“,** реализирана од м-р Јулија Глигорова Трајаноска, раководител на Одделение за професионален развој на воспитно-образовниот кадар при БРО, посетена од стручни соработници во училиштето (11, 12 декември 2023 г.)
- Панел дискусија **„Како до училиште без насилство“,** во организација на Детската фондација Песталоци, посетена од стручни соработници во училиштето (19 декември 2023 г.)

- Психолошки работилници со учениците од VI до IX одделение реализирани од страна на надворешни стручни лица, дел од кампањата **„Крени глас против врсничко насилство“**, посетена од стручни соработници во училиштето (23 декември 2023 г.)
-Обука **„Зајакнување на капацитетите за управување со менструалното здравје и хигиена”**, во рамки на Проектот за унапредување на основното образование, посетена од стручни соработници во училиштето, (4 април 2024 г.)
- Конференција **„Иднината на англискиот јазик”**, во организација на Британски совет, посетена од наставници по англиски јазик, (15 мај 2024 г.)
- Интерна обука **„Род, родова еднаквост и родово засновано насилство Спречување и заштита од насилство во училиштата“**, одржана од стручниот соработник - педагог м-р Биљана Василевска, посетена од наставниците од одделенска и предметна настава, (29 и 30 мај 2024 г.)
- Обука **„Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми“**, во организација на Академија ЦЕС, реализирана од Биљана Павлеска, посетена од сите предметни наставници во училиштето (24,25 јуни 2024 г.)
- Обука **„Примена на иновативни интегрирани пристапи во наставата“**, во организација на Академија ЦЕС, реализирана од Александра Цветановска, посетена од сите одделенски наставници во училиштето (26,27 јуни 2024 г.).

Одговорен наставник:Татјана Арсова

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Постојаната, континуирана соработка на релација семејство – воспитно образовна институција, родител-наставник придонесува за развој на ученикот, за унапредување на работата на наставникот, за јакнење на улогата која ја има родителот во развојот, воспитувањето и едукацијата на сопственото дете. Потребата за активно вклучување на родителот, за партнерство со училиштето произлегува од фактот што родителите се првите воспитувачи, кои на наставниците можат да им ги дадат најкорисните информации кои ќе се база, основа за насочување и преземање на идните заеднички акции за добробит на секој ученик. Партнерството, негувањето на соработката е предизвик за секој наставник кој се обидува да го трасира патот кон изнаоѓање на услови, облици, средства за остварување на конструктивна соработка. Образовната политика на училиштето е фокусирана на обезбедување на висок степен на учество на родителите во одлуките кои се донесуваат, а се однесуваат на воспитанието и образованието на децата/учениците, овозможувајќи им на тој начин поголеми можности за постанување партнери во работењето на воспитно-образовните институции. Со тоа се јакне и нивната одговорност и грижа за развојот и напредувањето на сите ученици. Соработката со родителите се темели на принципите на партнерство, рамноправност, взаемна почит и доверба.

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во учењето, воннаставните активности и работата на училиштето

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта.Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор, како и во Училишниот инклузивен тим. Преку Советот на родители се следи воспитно-образовната работа во училиштето, се даваат предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес, се даваат предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници – родители, се учествува во изготвување на правилници и други работи во интерес на успешноста на работата на училиштето. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на родителите/старателите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. Преку Училишниот одбор во кој членуваат тројца претставници од Советот на родители има се дава можност на родителите да учествуваат во донесувањето на одлуки значајни за работата на училиштето, наставата и воннаставните активности.

На родителски средби, родителите се запознаа со успехот и поведението на учениците, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваа насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2023/2024 година планираните редовни родителски средби беа реализирани преку Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во учебната 2023/24 со поддршка на Советот на родители успешно беа реализирани два фандрејзинг активности: „Ние сме вашата надеж за поубав свет“ и „Патека на хуманоста“. Собраните средства од овие настани се искористија за опремување на детското игралиште „Мојата оаза“ и опремување на Ресурсна соба за учениците со посебни образовни потреби.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето креира партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво. Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано ја информира јавноста за својата работа. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.

Интерната комуникација ги опфаќа сите видови комуникативни активности меѓу вработените во училиштето.

Интерната комуникација во училиштето се реализираше преку одржување на Наставнички и Одделенски Совети на кои се презентираа извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците, се споделуваа информации за проектите и активностите во кои е вклучено училиштето. Одделенските и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваа информации, споделуваа искуства, се информираа за промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции. Училиштето по пат на соопштенија, огласни табли, флаери, плакати, билтени навремено ги информираше учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите. На почетокот на учебната година родителите на учениците првачиња имаа можност преку флаери да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. Ученичкиот Парламент согласно програмата за работа најмалку еднаш во месецот одржува состаноци и работилници на различни теми. Претстедателите на секоја паралелка навремено ги известуваат своите соученици за информациите и сознанијата кои ги стекнале на состаноците. Училиштето редовно ги информира родителите/старателите, за целокупната воспитно-образовна работа на училиштето и во согласност со тоа развива цел спектар на форми со кои тоа ќе го реализира.

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. На веб страната на училиштето https://ou-stivnaumov.edu.mk се објавуваат годишната програма за работа на училиштето, извештаите од реализација на годишната програма, ивештаи од спроведена самоевалуација на училиштето, развојни планирања и завршни сметки. Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко: институции од областа на образованието, институции од областа на културата, невладини организации, спортски друштва, здравствени организации, медиуми и др.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на реализацијата на годишната програма за работа на училиштето се оствари согласно активностите утврдени во планот за следење

| Приоритетни подрачја за следење | Цел | Одговор лица | Начин и време на следе | Очекувани резултати | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа** | Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Директор, стручни соработници, заменик директор | -Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата<br>-Август, | Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во | Директор<br>Наставници,<br>Родители, ученици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ноември,февруар и, мај | училиштето | |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на учениците** | Подобрување на успехот кај учениците | Одд. и предмет. наставници и БРО преку одговорен советник | Усно испитување, писмени работи , тестови, практична работа, тековни следења Континуирано | Подобрен успех и повисоки резултати | Стручни соработници Родители, ученици |
| **Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците** | Зголемено користење на современи методи и техники во наставата | Директор, стручни соработници, заменик директор | Посета на наставни часови, примена на инструмент за следење на наставата Октомври, декември, март, мај | Успешно изведување на наставна дејност и користење на современи методи и техники | Директор, Стручни соработници наставници |
| **Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар** | Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса | Стручни активи, Предавачи од акредитирани институции, БРО и др. | Состаноци на стручни активи, отворени часови посета на семинари, обуки и самообразование Согласно програмите на стручните активи | Постојано развивање на компетенциит е на кадарот во училиштето заради одржување на висок | Директор Тим за професионале н развој Стручни соработници |
| **Водење на педагошка евиденција и документација** | Уредно водење на педагошка евиденција и документација | Директор, стручни соработници, заменик директор, одговорен советник при БРО и Просветен инспекторат | Увид во педагошката евиденција и документација Септември, ноември,февруар и, мај | Точно, навремено, прецизно внесување | Директор, Стручни соработници, Одговорни наставници |
| **Користење на информатичко комуникациск а технологија во настава** | Зголемување на искористеност а на компјутерите во наставна и воннаставна дејност | Директор, стручни соработници, заменик директор | Посета на наставни часови Октомври, декември, март, мај | Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови | Директор, Стручни соработници, Наставници |
| **Изработка на извештаи, анализи и информации** | Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето | Директор, стручни соработници, задолжени наставници | Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови Тромесечно , полугодишно и годишно | Подобар квалитет во работата и унапредувањ е на воспитно образовната работа | Родители, Ученици, |
| **Реализација на годишна програма** | Подобрување на квалитет во работата и унапредување | Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички | Состаноци , анализа на извештаи, Програма за | Реализирана програма | Општина, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на воспитно образовната работа во училиштето | совет, Локална зедница одговорен советник при БРО | следење<br>Континуирано | | |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на училиштето

Евалуацијата на Годишната програма за работа го вклучува квалитетот во работата, односно придонесува за воочување на силните и слаби страни во работењето на училиштето, а добиените резултати овозможуваат поставување  приоритетни подрачја за следната учебна година.

***Области на евалуација :***

- Наставен план и програма
- Постигања на ученици
- Учење и настава
- Поддршка на ученици
- Училишна клима и односи во училиштето
- Ресурси
- Управување, раководење и креирање политика

***Индикатори за секоја област:***

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на образовните потреби на учениците
- Степен на инклузивност во училиштето
- Оценување, како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците
- Демократска култура во училиштето

За евалуација на работата на училиштето  се прибираа повеќе индикатори, односно докази: разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата...

## 25. Заклучок

Од евалуацијата на Годишната програма за работа и на  ООУ ,,Стив Наумов,,- Скопје од учебната 2023/2024 година врз основа на добиените податоци од Извештајот за работата во тековната година произлегоа следниве констатации  и насоки за работа во идната учебна година:

- Условите  во кои работи училиштето се во согласност со Законот  за основно образование на  Р.Македонија и успешно се планираше и организираше воспитно образовниот процес, со почитување на сите протоколи, насоки и упатства од МОН;
- Во текот на наставната година извршени се  увиди во работењето на училиштето од страна на одговорните инспектори при ДПИ, кои констатираа доследност во реализирањето на наставните програми и извршувањето на законските одредби на ниво  на сите сегменти на работењето на училиштето.
- Стекнатите сознанија од посетените семинари, обуки и работилници наставниците ги инплементираа во наставата со цел унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес.
- Континуираното одржување на нагледни и отворени часови и состаноците и работилниците на ниво на стручните активи придонесоа за подобрување на тимското работење на наставниот кадар а воедно  дадоа и придонес за хоризонтално учење.
- Формативното оценување, континуираното давање на ППИ, изготвувањето објективни тестови на знаења и планирањето и  задавањето  домашни задачи ќе продолжи како редовна практика за што пообјективно  следење на напредокот и мотивираноста на учениците за повисоки  постигања.
- Примената на  современи техники на учење и поучување, како и современи методи и форми во наставата кое придонесува за развивање на критичко мислење и поголема креативност кај учениците останува училишен приоритет.
- Се почитуваа индивидуалните можности и способности на учениците за што се задаваа задачи со различно ниво на сложеност, примена на диференциран пристап во наставата и се изготвуваа  индивидуални образовни планови за децата со посебни образовни потреби.
- Унапредување на инклузивните процеси преку проекти за поддршка на инклузивното и интеркултурно образование
- На учениците им се даде можност преку часовите на одделенската заедница и состаноците на Ученичкиот парламент на училиштето да учествуваат во донесување на одлуки кои се однесуваат на животот и работата во училиштето, а се од нивен интерес.

Училиштето ќе продолжи да го промовира принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето со што ќе се овозможи  учениците активно да учествуваат во сите активности во училиштето. Ова подразбира обезбедување атмосфера и услови што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење, како и градење механизми и процедури кои ќе им овозможат на учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето.  Во иднина преку активностите во рамките на проектите кои ќе се

реализираат во училиштето ќе се продолжи со активно вклучување на сите ученици, родители и воспитно-образовен кадар и локалната заедница со што ќе се придонесе за подобрување на постигањата, меѓуврсничка поддршка, спречување на појавите на насилно однесување и дискриминација, почитување на различностите, промовирање на мултикултурализам...

Очекуваме тимското делување на релацијата наставник-ученик-родител во иднина да донесе уште поголеми резултати во интерес на подобрување на постигањата и однесувањето на учениците преку:

- Редовно изведување на дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности со цел да се влијае на успехот, редовноста , личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците.
- Континуирана примена на современи стратегии и техники за учење и поучување, методи и форми за работа за унапредување на наставата, како и развивање на критичко мислење кај учениците.
- Стекнување компетенции кои се однесуваат на дигиталната писменост, за комуникација и соработка во рамки на училиштето и вон училиштето, како и за етичко и безбедно користење на дигитална технологија во секојдневниот живот.

Скопје, 08.07.2024 год

Директор

______________________

/ м-р Лилјана Стефановска /